**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, дами и господа, ја отворам Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Славе Арсовски, Банчо Георгиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Петар Груевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

А пратениците Ејуп Рустени, Агим Џелили, Фазлли Велиу, Севдије Салију, Семијал Хасани и Хусеинџеват Хусеини ме известија дека ќе задоцнат дека поради тоа што имаат, но еве, секретарот ме известува дека се стигнати. Тоа значи дека само претходно прочитаните ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам да притиснеме.

(На мониторот е прикажана бројка која што не соодвествува на присутниот број на пратеници во салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратеници во салата.

( Службите го утврдуваат бројот на пратеници во салата).

Во салата се присутни 75 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Апелациониот суд во Битола, претседателите на основните судови во Дебар и Струга и Главниот државен ревизор.

Записникот од 95-та седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот?

Нема.

Констатирам дека Записникот од 95-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе по скратени рокови на оваа седница.

Ова е законот за енергетика, кој ќе земе збор?

Кој ќе ја образложи истноста на Предлогот?

Повелете премиеру.

Збор има господинот Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија.

**Владо Бучковски:** Со оглед на намерите на Владата да создаде поинаква бизнис-клима во државата и да ги стимулира странските инвестиции во делот на енергетиката, сметаме дека законот што е планиран да биде донесен во октомври оваа година не остава можност во меѓувреме да се реализираат дел од странските инвестиции што стануваат извесни.

Затоа, Владата, не чекајќи го новиот закон за енергетика пристапи кон измени и дополнувања на постојнито Закон и бара тоа да биде направено по скратена постапка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 63 за, тројца воздржани, пет против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникоѕ на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор господинот Шапуриќ, министер за животна средина и просторно планирање.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам претседателе.

Владата смета дека со донесувањето на овој закон, исто така, ќе се овозможи многу полесна процедура за странски инвестиции, особено во областа на хидроенергетските потенцијали и особено за изградба на минихидроцентрали, за што Владата смета дека постои голем интерес.

Но, исто така, потребата од овој закон е поради тоа што бара усогласување со постојната законска регулатива за концесиите и од тие причини Владата предлага овој закон да оди во скратени рокови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 64 за, двајца воздржани, двајца против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именјувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија; Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, потоа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, потоа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка, потоа Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на централно-европската иницијатива, потоа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, потоа Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Комисија за електронските комуникации, потоа Предлогот на одлуката за разрешување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

Повелете.

**Каме Петров:** Благодарам.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата одлучи да предложи на денешната седница на Собранието на Република Македонија да се внесат уште нови девет точки во дневниот ред.

Како што може да се заклучи и од вашето набројување на предлозите на точките, станува збор за редовни активности околу донесувањето на одлуки во три области, главно како резултат на испразнетите места на оние пратеници кои станале градоначалници на одделни единици на локалната самоуправа, а и како резултат на верификација на мандатите на новите пратеници.

Спред тоа, станува збор за докомплетирање на составите на дел од работните тела на Собранието, на пратеничките групи за соработка на Собранието на Република Македонија со парламентите на трети земји, како и дополнување на одделни управни и други органи чиј основач е Собранието.

Целосното комплетирање на сите овие тела очекуваме да го заокружиме на следната седница на Собранието на Република Македонија. Со оглед на фактот што има основ на членот 66 од Деловникот, сметам дека постои итна и неодложна потреба овие точки да бидат поставени на денешната седница на Собранието.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петров Каме.

Значи, одиме одлука по одлука.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 63 за, двајца воздржани, двајца против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 63 за, еден вбоздржан, двајца против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на

Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 84 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 65 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 51 гласале за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 83 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 61 пратнеик, 60 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронските комуникации да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да се разгледа на оваа седница го стасвам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 гласале за, двајца воздржани, еден против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври” да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за пристапување кон измена на пристапување на Република Македонија;

2. Интерпелација за работата на министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска ЃорЃиевска;

3. Предлог за разрешување на судија на основниот суд во Гевгелија;

4. Предлог за разрешување на заменик на Јавниот обвинител на Вишото Јавно обвинителство во Штип;

5. Предлози за избор на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола;

6. Предлози за избор на претседатели ина основните судови во Гостивар Делчево и Кочани;

7. Предлози за избор на судии на основните судови во Кичево, Куманово, Гостивар, Прилеп, Крива Паланка и Струга:

8. Предлог за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Битола;

9. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар;

10. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга;

11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелационите судови во Битола и Скопје:

12. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Битола, Скопје ИИ - Скопје и Скопје И - Скопје;

13. Предлози за разрешување и именување на членови на Ккомисијата за хартии од вредност;

14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни

прашања на Собранието на Република Македонија;

17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарна димензија на Централно европската иницијатива;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

20. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронските комуникации;

21. Предлог на одлука за разрешување на член на управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

22. Предлог на одлука за изменување на Одллуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”;

23. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за преземање на лице, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон конвенцијата за биолошка разновидностс, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;

28. Предлог на закон за заштита на сведоци;

29. Предлог за донесување на закоан за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Мѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Поектот за катастар и регистрација на недвижности, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на ковани и книжни пари, со Предлог на закон;

33. Предлог за донесување на закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, со Предлог на закон;

34. Предлог на Царински закон;

35. Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон;

36. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

37. Барање за давање автентично толкување на член 1, а во врска со одредбите на член 11 став 6 и член 44 од Законот за акцизите, поднесен од пратеникот Славица Станковска;

38. Годишен извештај за работата на Народнот правобранител во 2004 година;

39. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година и

40. Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година.

Дали има некој предлог за изменување, или дополнување на предложениот дневен ред?

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Имајќи во предвид колку е значајна иницијативата за измена на Уставот на Република Македонија, не би сакал за тоа да елаборирам пошироко, предлагам 97-та седница на Собранието на Република Македонија да биде посветена само на оваа точка, а останатите точки да бидат на 98 седница.

**Љупчо Јордановски:** Ако добро ве разбрав, вие предлагате сите точки да се симнат од дневен ред, освен првата точка.

Предлогот на Љубисав Иванов - Ѕинго го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници за предлогот гласале 21, пратеник, 2 се воздржани, 51 пратеник против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго не е усвоен.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам, господине претседателе, мислам дека двата предлози кои што ги поставивте како точки 25 и 26 Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон, мислам дека на оваа седница не би требало да се разгледуваат, затоа што и самиот премиер кажа дека законот се подготвува за месец октомври. Мислам дека ќе има доволно време пратениците да се подготват, бидејќи се работи за клучни закони кои што понатаму ќе одлучуваат за многу работи во енергетиката. Мислам дека на денешната

седница апсолутно не треба да расправаме по овие точки.

**Љупчо Јордановски:** Вие барате да се симнат од дневен ред овие две точки.

Предлогот точката 25 и 26 да се симнат од дневен ред, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, 19 пратеници гласале за, 1 воздржан, 57 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи никој друг нема забелешки во врска со изменувањето и дополнувањето на дневниот ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 69 пратеници гласале за, тројца воздржани, и четири против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Дали некој од пратениците има предлог, коментар во врска со редоследот на дневниот ред?

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, во името на предлагачите на точката што е ставена како втора на Предлог-дневниот ред, предлагам таа точка да се премести како последна.

**Љупчо Јордановски:** Сакате да кажете интерпелацијата да биде последна точка?

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 65 пратеници гласале за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека оваа интервенција во редоследот на дневниот ред е прифатена.

Дали има некои други забелешки?

**Спиро Мавровски:** Ако не прифативме овие два предлог закони за изменување и дополнување на Законот за енергетика и за дополнувањето на Законот за водите, јас би предложил тие да бидат пред Годишните извештаи за да имаат време пратениците да ги погледаат овие закони, затоа што ова го добивме пред нецела недела, мислам дека многу од пратениците немаат ни видено за што се работи. Мислам дека вака како што се поставени точките доаѓаат како први на дневен ред после изборот на судии и она што значи промени на судии. Мислам дека ќе имаме доблест да ги ставиме како точка 37 и 38.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точките 25 и 26 да бидат пред 38-ма точка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржан, 14 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали има уште некој забелешки во врска со редоследот на точките во дневниот ред. (Нема).

Бидејќи нема, констатирам дека со овие измени дневниот ред конечно и дефинитивно е усвоен.

Во текот на расправата ќе го добиете точниот редослед на точките.

**Минуваме на точката 1. - Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.**

Предлагач е Владата на Република Македонија.

Тука би сакал да ги информирам пратениците дека како претседател на Собранието по Деловникот направив консултации и координација со координаторите на пратеничките групи. Се договоривме од еден до двајца максимум претставници од секоја пратеничка група да го искажат ставот по иницијативата, што Деловнички нормално не пишува, но јас само сакам да ги известам пратениците дека таков договор меѓу координаторите постои. Претпоставувам дека координаторите се тие кои што ја претставуваат и пратеничката група.

Владата на Република Македонија во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија поднесе Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Владата на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието и мислењата и ставовите на претседателот на Република Македонија, ви се доставени односно поделени. Образложение по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ќе поднесе претседателот на Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски, или се делегира правото на министерот за правда.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван претседател на Влдата на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани министри, дами и господа.

Во изминатиов 15-годишен период ја учиме и ја практикуваме демократијата сфатена како почитување на правата и принципите. Истовремено пред секој предизвик знаеме да го препознаеме, да го формулираме, да го реализираме, да се залагаме за она што го подразбираме под државен интерес. Постоењето одредени разлики во ставовите и во начините на реализација на политичките определби меѓу политичките партии се прифатливи и целосно разбирливи за демократското општество, какво што е и македонското. Меѓутоа, кога станува збор за имплементација на стратешките определби во демократските општества, поради високото ниво на почитување на правилата и воспоставените односи меѓу Власта и опозицијата, интенција е меѓу политичките фактори да биде изграден консензус.

Политичкиот консензус се прави со цел за пократко време со помалку потрошени ресурси, на квалитетен начин и со примена на демократски средства и методи да се реализира политичката определба од државен интерес. Заслугата за успешна реализација на она што е договорено им

припаѓа на сите учесници во политичкиот процес, а одговорноста ја носат актуелните субјекти.

Во време кога постои согласност меѓу клучните политички субјекти и граѓаните на Република Македонија за нашата политичка определба а тоа е евроатланската интеграција, Владата на Република Македонија до Собранието достави предлог за пристапување кон уставни измени во Република Македонија. Постои цврста решеност заеднички да истраеме во реализација на поставените цели, пред се, затоа што тоа е во интерес на нашите граѓани.

Со утврдувањето на уставните принципи во контекст на новосоздадените општествени услови, создаваме правна рамка за зајакнување на позицијата на една од клучните власти во нашата држава, а тоа е сускатa власт. Независното судство е државен интерес од највисок ред, цел за која сите се залагаме и средство преку кое го зајакнуваме и заштитуваме демократскиот капацитет на Македонското општество. Поради исклучително големото значење за спроведувањето на овој политички процес потребна е подршка од сите политички субјекти застапени во Собранието на Република Македонија, а со реализација на оваа цел, Република Македонија како држава се приближува до стандардите што одамна се практика во развиените демократски држави.

Имајќи ги предвид досегашните анализи, честите укажувања и многубројните забелешки изнесени од страна на претставници на судската власт, аналитичари и експерти, како и претставници од Меѓународната заедница за функционирањето на правосудниот систем во Република Македонија, Владата смета дека е потребна промена на уставните основи во сферата на правосудството. Во рамките на утврдените стратешки приоритети на Владата за 2005 година, една од приоритетни цели и иницијативи е токму измената на Уставот на Република Македонија.

Со потпишувањето на Спогодбата на стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕУ, нашата земја ја презеде и обврската за продолжување на започнатите реформи за поуспешно функционирање на правосудните органи. Основна цел на реформата во правосудството е развивање на европските стандарди во сферата на правдата. Резултатите што се очекува да ги постигнеме со реформата на правосудниот систем ќе бидат мерливи преку степенот на независност и степенот на ефикасност на судството.

Основни принципи врз кои се темели и врз кои ја спроведуваме реформата во правосудството се владеење на правото, поделба на власта на законодавна, извршна и судска, гарантирање на независноста на судството, заштита на правата на граѓаните, гарантирање на еднаков пристап до правдата, како и почитување на европските стандарди во сферата на правдата, утврдени во многу меѓународни документи од оваа област.

Во оваа фаза на спроведување активности, поврзани со реформата за поздравување е високоит степен на согласност и на искажаната подршка на иницијативата за промена на Уставот од страна на претставниците на политичките партии. Ваквата определба во наредниот период за сите политички фактори може да биде дополнителен поттик да се дојде до најсоодветните решенија во измената на Уставот.

Со цел овој процес да биде максимално демократски и отворен, во Министерството за правда е формирана Работна група со претставници од правосудните институции, политичките партии, од власта и од опозицијата, како и личности од науката. Работната група изготви предлог кој беше доставен до Владата и Владата го утврди Предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија.

Целта на предлогот е да се утврди потребата од измена на Уставот, да отвориме широка, демократска расправа за ова прашање од значење за државните интереси. Очекуваме во таа расправа претставници од сите релевантни институции, од политичките партии, експерти, граѓани, медиуми да го дадат својот максимален придонес за да дојдеме до решение со кое и во оваа сфера ќе се приближиме до земјите во развиените демократии. Во оваа смисла очекуваме подршката од пратениците да биде најизразена. Сметам дека ова е вистински начин да дојдеме до решение кое ќе биде во интерес и на нашата држава и во интерес на нашите граѓани преку кои со уважување на искуството од западните држави, меѓународните стандарди, како и нашата досегашна практика на правото ќе го градиме и во иднина македонското демократско општество.

Тоа што Министерството за правда е формален изготвувач на предлогот, а Владата е предлагач, не ни дава право да се сметаме повеќе заслужни од останатите во овој процес на реформи, бидејќи целта е заедничка на сите нас и во интерес на нашата држава. Ние можеме да се разликуваме во нашите ставови, но длабоко сум уверена дека никој од нас не е100% сигурен дека неговите мислења се најисправни. Токму затоа и со Уставот и Деловникот се предвидуваат три фази во постапката за измена на Уставот.

Затоа почитувани пратеници колку побрзо ќе го дадете својот глас за измените на Уставот, толку побрзо ќе можеме сите заедно со ваша помош да ја продолжиме натамошната работа во Министерството за правда при изготвување на нацрт амандманите. Натамошната работа ќе ја продолжиме сите заеднички. Сега е неопходно да ја дадете својата подршка, да го дадете својот глас во процесот на измени на Уставот, да ја подржите иницијативата, да го подржите Предлогот на Владата како процес кој ќе следи, ќе се надградува, процес во кој сите ние и Владата и Собранието и претставниците на политичките партии и експертите и граѓаните ќе можеме да дадеме свои предлози, ќе можеме да ги надградуваме решенијата и да дојдеме до

најдобрите решенија кои ќе значат чекор напред во развојот на демократијата во Република Македонија.

Измените на Уставот не се технички прашања и не треба овој процес да го гледаме низ призма на бројки и проценти. Тоа се само пропишани техники кои можеле да бидат и поинаку дефинирани. За сите нас треба да биде значаен нашиот консензус, чувството на грижа и желба за унапредување на сите сфери во општеств ениот живот во Република Македонија, а во овој момент тоа е развојот и реформата во правосудниот систем. Ја очекувам вашата подршка и ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска држиме една исклучително важна седница на Собранието на Република Македонија. Нејзината важност се огледа во тоа што како прва точка на дневниот ред на оваа седница е ставена иницијативата за измена на Уставот на Република Македонија. Тоа е највисокиот акт за секоја држава, за секој народ и од тука произлегуваат сите други закони и одлуки на една држава.

Пред нас е една одговорна работа, но во исто време исклучителна работа за интересите на Република Македонија, за интересите и животот на граѓаните на Република Македонија, за бизнисот, за економијата во нашата држава. Во исто време, донесувањето на еден демократски квалитетен устав значи и приближување на Република Македонија спрема Европската унија, спрема НАТО, спрема атлантските интеграции. Токму затоа, наша голема обврска е да му посветиме огромно внимание и овој пат на донесувањето на овие измени во Уставот, затоа што тоа е клучна работа за интересите на државата, но во исто време бара од нас многу големи размислувања, многу значајни пристапи кон измените на Уставот, многу сериозност, студиозност, стручност и т.н., за да донесеме еден квалитетен Устав, Устав кој практично ќе воведе во државата демократија, стабилност на државата и т.н.

Еве две причини поради кои треба да се посветиме на самиот Устав.

Првата причина е што секој ден не се менува Уставот, не се менува Уставо тод дневни и политички потреби. Уставите во светот некаде не се менуваат и по 50 години. Ние имавме две измени на овој Устав од неговото донесување во почетокот на последната деценија од 20 -тиот век, меѓутоа, и двете измени на Уставот беа диктирани од надвор. Првата беше кога моравме да го менуваме знамето и другите поставени услови од страна на една соседна држава и извршен притисок од големите сили. Втората измена беше како резултат на Рамковниот договор, исто така, со примена на сила и исто така преку спроведени притисоци од надвор. Ова е прв пат таа иницијатива за менување на Уставот да потекнува директно од нашата Влада, директно од извршната власт и да има вака широка подршка од политичките партии во Република Македонија. Затоа, и важноста и тежината на промената на Уставот е многу позначајна и поголема.

И втората работа, која мислам дека е многу важна, во овој момент да е пристапи, но не и единствена за промена на Уставот е третиот столб на нашата држава, а тоа е судството и сутската власт. Тука мора да се направат позначајни реформски зафати, тука мора да се корегираат работите, тука мора да се отстранат системските грешки, кои за овие 15 години се манифестираа во целата своја тежина. Практично го направивме судството неефикасно, споро и подложно на корупција. Не можеме во таа работа да се апстинираме и ние како Парламент и извршната власт и другите институции во државата, затоа што со своето однесување, со своите одлуки, со својата непринципиелност практично го доведуваме судството во зависна положба. Сите тие работи добро се поставени и во досегашниот Устав, меѓутоа, во практичната примена на Уставот, во неговата реализација ние имаме една значајна мајоризација на извршната власт, не само на оваа туку на сите кои ги иамвме од донесувањето на Уставот па наваму, врз Парламентот и врз судската власт. Некои луѓе велат дека и најлошите закони се добри ако се спроведуваат, па според тоа и било каков Устав да имаме, ако тој се спроведува како што треба, тогаш и резултатите ќе бидат позитивни. И во светот е познато, кога имало и најдемократски устави и најпрогресивни, а таков е случајот со Советскиот сојуз за време на Сталин, меѓутоа, Уставот е оценет насекаде како многу квалитетен, но тој Устав не се спроведуваше и знаеме какви се несреќни последици Сталинизмот донесе и во Советскиот сојуз и пошироко од Советскиот сојуз.

Според тоа, таа теза дека Уставот треба да се почитува и да се спроведува и те како важи и за нашата држава. Според тоа, ние мораме сега да размислиме какви одбранбени системи уште треба да вградиме во Уставот, за да тие три власти, а тоа е извршната власт, парламентарната власт и судската влст, бидат независни една од друга. Да не ни се повторува и натаму случајот практично таму каде што најмала власт треба да биде, таму да е сконцентрирана најголемата власт.

Уште при донесувањето на Уставот на Република Македонија - јас не сум стручњак на ова поле, меѓутоа, оние пратеници кои беа тогаш со мене добро се сеќаваат дека јас укажував дека решенијата во Уставот за судската власт се многу дискутабилни и дека ставањето на Судскиот совет како една спона меѓу судската власт, извршната власт и Парламентот практично можат да го доведат судството во една зависна положба и судиите да бидат уценувани. Тогаш тие кои работеа на Уставот неколку пати стануваа да ме убедуваат дека тоа е така и во Европа. И бидејќи ние не читаме како е во Европа, немаме ни време,

а и немаме можности, ние им поверувавме тогаш, а подоцна се испостави дека така не е во Европа. Често пати кога треба да не убедат во некое решение, за кое ние сметаме дека не е соодветно и не е добро, се користи името на Европа и секогаш се кажува дека така е решено во Европа.

Затоа, мислам дека овој пат треба да се направат такви решенија кои практично судството ќе го ослободат од притисокот на извршната власт, па ако сакате и од притисокот на нашиот Парламент, кој најчесто е под големо влијание на Владата. Можеби е добро да се види како и нас пратениците некој да не ослободи од таквите притисоци и таквите влијанија на извршната власт. Можеби со време и со години ќе нарасне таа свест кај нашите пратеници да почнат да размислуваат онака како што мислат дека е добро на оние кои ги избрале во Парламентот. Според тоа, треба и во тој поглед да се размислува во законите за избор на некои други мотиви за избор на пратеници, а не само на овој модел кој сега постои, дека практично се бираат од листата на партиите. Ако веќе имаме таков случај сега да го менуваме Уставот, што е најмногу диктирано од овозможување на независноста на судството, тогаш јас мислам дека во Уставот треба да се предложат такви решенија во кои еснафот, судството треба доминантна улога да игра во предлагањето на судиите и дека Парламентот не може да избере судија ако тој не е предложен на пример од Здружението на судиите. Парламентот може да не избере таков судија, меѓутоа, предлогот треба да го врати повторно на Здружението за да се разгледа и ако е тој издржан, добро образложен и квалитетен предлог, Парламентот би бил тој кој мора да го прифати тој предлог.

Мислам дека некои решенија по однос на Законот за судството да се донесуваат со просто мнозинство е голема грешка. Секоја валст може многу често да ги менува, затоа што секој пат ќе обезбеди просто мнозинство во Парламентот. Ние треба да ги усложниме тие процеси на менување на тие закони, за да оневозможиме извршната власт практично повторно, со нови законски решенија, да го стават судството во зависна положба. Исто така, мислам дека треба да се разгледа можноста кој може да биде судија. Да се изградат критериуми. Не може човек кој завршил факултет, кој работел година или две во некоја правна област во исто време да се предложи за судија, па нека е тоа и во Основен суд, нека е тоа и во Апелационен суд, нека е тоа Врховен суд, нека е тоа и Уставниот суд. Значи мора да постои методологија каква што постои во светот, на кој степен на судство може да биде предложен еден кандидат, кои услови треба да ги исполнува, колку време требал да работи во судството, да се види колку треба да биде тој судски приправнички стаж во кој ќе се следи неговиот развој, неговиот однос кон судот и т.н. Тука е една многу значајна работа која треба да се регулира со Уставот, меѓутоа и со законите кои треба да произлезат од овој Устав. И најважна работа е,како да се натераме ние практично да ги почитуваме законите, како да се натераме ние и тука во Парламентот и извршната власт да мора да се однесува онака како што се однесува демократскиот свет во светот, во Европа и пошироко. Тука е тоа најважно прашање. Јас мислам ако таа свест не созрее, ако не дојде на прв план моралниот, етичниот елемент, одговорноста, чесноста, ние и каков Устав да донесеме и какви закони да донесеме нема да имаме резултати.

Јас мислам дека во промените на Уставот мора да бидеме и многу внимателни, да не направиме поголеми грешки отколку овој Устав со својата примена до сега ги покажал тие недостатоци и мани.

Како пратеник, користејки го своето уставно право и воочувајки некои недостатоци во досегашниот Устав, сакам да предложам некои измени, а веројатно не сум ги воочил само јас тие недостатоци, туку веројатно тоа го има направено и јавноста, и вие сте ги воочиле како пратеници, а тоа е уставнио тначин на избор на институцијата на Претседател на државата. Ако погледнеме за овие 15 години, 4 пати се избираа претседатели на државата. Првиот пат беше кога Парламентот бираше Претседател на држава и првата седница Парламентот не го избра Претседателот на државата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов, ве молам за конкретна иницијатива и за конкретната тема да зборувате. Има многу места во Уставот за кои можеме сите да отвориме расправа околу измена и дополнување. Сега имаме Предлог иницијатива за измена на Уставот во врска со судската власт. Ве молам, на тоа да се придржувате.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Јас го користам своето право да предложам таа иницијатива да се прошири. Тоа не може никој да ...

**Љупчо Јордановски:** Предложете писмена иницијатива, бидејки вака усмено нема никогаш да биде. Ве молам зборувајте конкретно за иницијативата што е сега пред вас.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Ќе ве молам претседателе, јас го користам своето уставно право како пратеник да предложам да се прошири иницијатива за проемена на Уставот. Дали тоа ќе го усвои Парламентот или не, тоа е работа на Парламентот и тоа право не можете да ми го ускратите. Тоа е една од иницијативите кои ги предложила Владата. Јас исто така покренувам една нова иницијатива и ќе ми дозволите да ја образложам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов, расправаме за конкретна иницијатива, а во другиот дел, материјалниот дел, вие можете да поднесете амандмани и во врска со тој дел на Уставот, па таму таа иницијатива да ја спроведете. Ве молам, зборувајте за оваа конкретна иницијатива.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Дозволете јас да ја изнесам мојата иницијатива, а вие дали ќе ја прифатите или не, ваша работа.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Така.

Со досегашното решение во овој Устав, изборот на Претседател е предвиден со непосреден избор, значи Претседателот се бира од сите граѓани на Македонија и тука мислам дека не треба никакви измени да се прават. Меѓутоа, во самото уставно решение е дадено дека за да биде избран Претседателот на државата, треба да има цензус во првиот изборен круг 50% и во вториот изборен круг 50% од вкупно запишаните гласачи во Република Македонија.

Јас се потрудив и со големо внимание ја следев расправата и дискусијата за Стручните служби, во времето на последниот избор на претседателот на државата, а подоцна се потрудив и самиот да се уверам дали такви решенија има и во уставите на други држави, на европски држави и дојдов до заклучок дека ние претставуваме практично, уникат во тој поглед. Нема држава во Европа која има ваков дефиниран цензус и во првиот и во втриот круг. Таквиот цензус практично стана голема препрека и носител на многу негативни појави во изборите за претседател на државата. А тоа значи, за да се постигне таков цензус се правеа многу компромиси, и тоа право да кажам трули компромиси, многу договори на штета на општествената заедница.

Ние имавме појави на полнење на кутии.

Значи таквиот цензус и таквите решенија во Уставот практично воведуваа негативни процеси во односите во општеството и во системот на државата. А таквиот цензус пак оневозможува доколку се развиваат демократските процеси во државата, ќе се оневозможува практично да се спроведе изборот и во првиот и во вториот круг на изборите. А тоа значи дека може државата за еден временски период да остане и без претседател, а тоа значи државата во тој период нема Врховен командант, да нема човек кој ќе го води Советот за безбедност, да нема човек кој ќе ги назначува најважните ресори во државата, каде што има компетенција претседателот на државата како што се внатрешни работи, народна одбрана итн., а исто така, и да нема човек кој ќе ги ратификува законите кои што ние ги донесуваме тука во Парламентот. Тоа значи дека ќе се блокира и работата на Парламентот.

Јас не би одел подалеку, би ве потсетил дека ние една таква голема појава имавме тука во една соседна држава. Тоа се Србија и Црна Гора, каде што цела година се обавуваа избори.

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов мислам дека е доволно, формулирајте ја вашата иницијатива. Формулирајте ја да знаеме за каква иницијатива се работи.

**Љубисав Иванов Ѕинго:**

Мислите да не образложувам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов да не постапувам по Деловникот. Формулирајте ја вашата иницијатива. Мислам дека сте надвор од точката во дневниот ред. Бидејќи барате иницијатива формулирајте ја конечно.

**Љубисав Иванов Ѕинго:**

Добро, ако си запнал и применуваш сила, да ја формулирам. Ама лично мислам дека не си во право, ја злоупотребуваш функцијата. Ама што да ти правам јас, не сум те избрал јас. Еве да ја формулирам. Мојот предлог би бил следниот, би го прочитал:

Првата варијанта е постоечкиот услов за избор на претседател во првиот круг е добар и не треба да се менува, односно прагот од најмалку половина од вкупно запишаните гласачи, потребни за избор во првиот круг треба да остане.

Она што сметам дека треба да се измени е условот за избор на претседател во вториот круг, наместо досега потребното мнозинство гласови од вкупно запишаните гласачи, треба да се преименува во одредба, која во вториот круг за претседател е избран кандидатот кој добил повеќе гласови.

Или втора варијанта: за претседател на државата, уште во првиот круг да биде избран оној што има најголем број на гласови.

Мислам дека мојот предлог е издржан, рационален и објективен, компаративно, правно и стручно издржан, што не ми дозволивме до крај да го образложам. Пред се, сметам дека сега е најдобриот момент, кога претходните избори се зад нас, а за следните има уште многу време па целосно ослободен од било каква политичка умисла. Ја започнавме оваа иницијатива и дебата и ја завршивме со конкретни измени на начин и формулација за која пред малку говорев.

Се надевам дека во интерес на поефикасен и подобар Устав, во интерес на Република Македонија и нејзините граѓани, ќе ја добијам вашата поддршка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Јас се мислев дека таа работа се регулира со закон, но интересна е идејата да биде и со Устав.

Повелете господине Крстевски.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Вие така мислите, јас обратно.

**Зоран Крстевски:** Почитувана министерке за правда, почитуван министре за внатрешни работи, почитувани пратеници.

Во името на пратеничката група на Либералната партија земам збор во согласност со координацијата да кажам дека ние ќе ја поддржиме иницијативата за измена на Уставот на Република Македонија во делот на судството. Сметаме дека овој императив на измена што доаѓа е во согласност со политиката на Република Македонија за воспоставување на ефикасен и независен судски систем. Како наша иманентна

потреба за јакнење на правната држава, за зголемување на ефикасноста на самиот систем, зголемување на човековите права на граѓаните во Република Македонија, но и наша, со меѓународен прифатен договор со Европската унија, обврска во функција на наше приближување кон Европската унија.

Самиот факт што оваа Влада после три години мандат, пристапува кон оваа иницијатива, покажува дека во почетокот не била доволно концентрирана и свеста за потребата од промена, со цел системско зајакнување на правосудниот систем во Република Македонија дека во многу влијаела Меѓународната заедница, давајќи ги нејзините оценки за вкупните состојби на планот на почитувањето на правото, на планот на организираниот криминал и корупцијата во Република Македонија и добро што Владата и премиерот покажаа доблест во функција на измените на Уставот на Република Македонија. Во овој дел ја вклучија и опозицијата и се надеваме дека кога ќе расправаме за самиот концепт на измените, ќе бидат земени предвид и иницијативите и размислувањата што Либералната партија, односно опозицијата ќе ги дава во таа насока.

Ние сметаме дека до независно судство системски се доаѓа, секако, со измените што овде се предлагаат, но многу повеќе се доаѓа со конкретни активности во рамките на самиот судски систем и јакнење на секоја од институциите на правосудниот систем што придонесуваат за независноста и ефикасноста на судството, тука посебно мислиме на Јавното обвинителство, неговата организација и неговото исклучување од влијанија кои имаат предзнак на политичко влијание. Мислам дека треба во основа да се размисли за начинот, изборот на јавниот обвинител, односно обвинителите, со цел да се зајакне функцијата на јавниот обвинител во Република Македонија.

Што се однесува до изб орот на судиите и ние сега не би се определувале за тоа дали Предлогот на Владата за пробен мандат по изборот на идните судии е добро или лошо решение, но сметаме дека Владата треба да размисли и за еден друг предлог, што Либералната партија го дава, а тоа е по пат на искуството на некои други земји во транзицијата да донесеме и закон т.н. Закон за лустрација, со која на законски начин ќе разграничиме покрај принципот на неизбирливост на судии и неспоивост на изборот на судии, со што ќе оневозможиме поединци кои евидентно и во изминатиот период во функција која им била доверена на судии, или некои други функции во судството, претседатели итн., ја злоупотребиле, биле тие констатирани злоупотреби, сметаме дека е вистински момент, со еден таков закон, кои и некои други земји го донесоа, се изземат тие да не можат да бидат бирани понатаму во судството.

Што се однесува до организацијата на судството, ние сметаме дека треба да се задржиме на концептот на единствен правосуден систем, на единствено судство што во основа се покажа и во овие 15 години како добро, со таа забелешка дека во делот на прекршоците, може да се изземе од редовното судство, да се формираат административни судови и исто така да се размисли околу споровите кои ги имаат стопанските субјекти по теркот на модерните системи на Запад, да се арбитрираат арбитражи, како би можело и тој дел од предметите кои доаѓаат во редовното судство да се релаксираат и на одреден начин да се влијае и посебно на ефикасноста на судството. Тоа мислиме дека е добра иницијатива и ја замолуваме министерката за правда да го земе предвид во јавната расправа.

Исто така сметаме дека во делот на мнозинството со кое треба да се носат законите во областа на судството, треба да се земат предвид позитивните искуства од носењето на овој закон со две третини, бидејќи да не дојдеме во една диспропорција, Законот за пратеници да го носиме со дво третинско мнозинство, а овде со изборот на судиите со просто или обично мнозинство, не знам како ќе се определи Владата. Тоа мислам дека во наредните фази ќе се вклучиме со повеќе иницијативи, со повеќе детали околу можните форми на организација на судството и во тој контекст ќе ги коментираме тогаш и мислењата и ставовите на некои други институции, посебно на експертите, а ќе коментираме и за мислењето на претседателот на државата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Крстевски за вашата рационалност и ефикасност. Мислам дека треба да биде пример како треба понатаму да ги водиме дискусиите.

Повелете господине Стојановски, а потоа е на ред госпоѓата Теута Арифи.

**Нелко Стојаноски:** Почитуван претседател, почитувани господа министри, почитувани колеги пратеници,

Денеска расправаме за една мошне сериозна тема и тоа за донесување одлука за одредени измени во Уставот.

Од денесувањето на Уставот на Република Македонија во 1991 година, согледани се постоењето на извесни слабости во работењето на институциите во областа на правосудството. Јас ќе зборувам главно за таа тема, бидејќи тоа денеска расправаме и тие слабости по моја оценка, последните години посебно дојдоа до израз и се појавија како сериозна пречка за нашето интегрирање во Европската унија и во НАТО, како наша стратешки определби на Република Македонија. Тоа ја наметнува потребата да се согледа и да се почне со одредени реформи. Во оваа смисла пратеничката група на Либерално демократската партија, согледа дека постојат слабости и уште од поодамна се залагаше за реформи во правосудната сфера. Токму имајќи ги предвид анализите на домашни и на странски експерти и правејќи самата анализа на компаративни

искуства со другите демократски земји, се покажува дека е неминовно за успешно спроведување на реформите, да се пристапи кон измени на Уставот, особено на оние одредби кои што се однесуваат на правосудниот систем. Експертските анализа за функционирањето на судството во Република Македонија покажаа повеќе слабости. Јас ќе истакнам само неколку: бавност на процедурите и недостаток на правда, тешко и долготрајно извршување на конечните одлуки, преголема оптовареност на правосудните институции, несоодветна подготвеност на човечките ресурси во професионална и во етичка смисла, политички влијанија при изборот на судиите и јавните обвинители, не постоење на систем на перманентна едукација на судиите, јавните обвинители и другиот кадар вработен во судството и Јавното обвинителство. Појави на нестручност, несовесност и корумпираност итн.

Ваквите слабости на правосудниот систем упатуваат на заклучок дека нивното надминување може да биде резултат на осмислени и посложени процеси, но и преку промена на Уставот.

Од друга страна, како што спомнав, нашата стратешка определба е зачленување во Европската унија и во НАТО и тоа е условено од ефикасно функционирање на демократските институции и владеење на правото и правната држава, при што, нагласокот може да се стави на ефикасно функционирање на независното судство. Иако во Република Македонија државната власт е поделена на законодавна, извршна и судска, многу е значајна улогата на судската власт. Посебно под силни критики беше независноста и неефикасноста на судството, а на тие два клучни столба треба да се потпира и сегашната реформа на правосудството што ја предлагаме.

Како клучни цели што треба да се постигнат со реформите се: владеење на правото, веќе спомнатото начело за поделба на власта, гарантирање на независност на судството, заштита на правата на граѓаните, гарантирање еднаков пристап на правата и прифаќање на сите релевантни европски стандарди во сферата на правдата, како што се, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, препораката на Советот на Европа за независноста на судството, ефикасноста и улогата на судиите, како и Европската повелба за статусот на судиите. Во овие меѓународни документи се содржани основните принципи за положбата на судиите кои имаат за цел да обезбедат стручност, независност и непристрасност, што секој граѓанин оправдано го очекува од судството.

Токму заради тоа, Европската повелба за статусот на судиите предвидува сите одлуки кои што се донесуваат на судството, како што се селекцијата, регрутирањето и именувањето, напредокот во службата и претстанокот на функцијата на судии да бидат донесени од страна на некој независен орган, во чии состав ќе доминираат претставници на судството. Меѓутоа, таа независност кај нас, познато ви е беше доведена под знак прашалник.

Имено, иако судиите ги предлага Републичкиот судски совет, изборот го врши Собранието на Република Македонија, а во него постои некое парламентарно мнозинство и тоа го врши изборот на судиите според некои свои критериуми. Тоа значи дека изборот на судиите е под влијание на политиката, а не и на професионалноста и компетентноста односно на овие карактеристики не се обрнува доволно внимание.

За да се отстрани оваа слабост, а имајќи ги предвид компаративните анализи за практиката од земјите со развиена демократија, би требало да се измени досегашниот начин на избор на судиите, а тоа налага промена на постојните уставни решенија. Така, според наша оценка, би било најдобро изборот да го врши независно судско тело, операционално да го наречеме државен совет на правдата кој би бил составен од истакнати експерти од областа на правото. Тој по број не би требало да биде ни преголем ни многу мал, односно да се избегне можноста од корупција што се појави во некои земји, по наша оценка околу 15 да брои. На тој начин и политиката не ќе може сериозно да оствари влијание врз изборот на судиите.

Тоа независно тело да има надлежност да ја води постапката за избор и околу изборот на судиите, тоа значи на основа на согледани потреби да распише конкурс за избор на судии, да ја цени професионалноста на пријавените кандидати и потоа да врши избор.

Членовите на тоа тело можат да бидат истакнати судии чиј мандат завршил, но и други искусни и истакнати правници, секако со големо доминирање на судиите. По наша оценка најмалку 2/3 да бидат судии кои не би биле партиски определени односно членови на политички партии, а 1/3 можат да бидат пратеници па и министерот за правда може да биде член на тоа тело.

Но, како тоа ќе биде решено, рокот во кој ќе ја извршува таа функција да биде определен со закон кој бил донесен со двотретинско мнозинство во Собранието на Република Македонија.

Со закон би биле определени и постапката за избор на судии на кои би им бил определен неограничен мандат, но по наша оценка претходно да поминат еден пробен период или пробен мандат од 3 до 5 години. Досегашната практика на неограничен мандат на судската функција покажа повеќе слабости од аспект на неможност на филтрирање на стручни кадри особено меѓу новоизбраните судии. Заради тоа нашиот предлог е да биде првиот избор со ограничено траење односно како што спомнав пробен мандат. Ваквата практика има своја поткрепа и во меѓународни стандарди во областа на судството. Меѓутоа, како значајно прашање се поставува што со голем број судии кои сеуште имаат мандат, а работата не се во состојба да ја обавуваат на задоволителен начин, односно

потребно е да се направат напори и да се најдат нови уставни основи за престанок на судската функција, покрај до сега предвидтените основи за престанок на функцијата во нашиот Устав или како што пред малку спомна мојот колега Крстевски со некој закон за илустрација на некој начин тоа да може да се реши.

Зголемувањето на ефикасноста на судството е другиот сегмент на кој треба да се фокусираат уставните промени. За да се постигне поголема ефикасност треба да се отстранат факторите кои доведуваат до неажурност на судовите и одолговлекување на постапките.

На овој проблем нашата пратеничка група укажуваше и нудеше некои решенија, но сега сметаме дека е вистинскиот момент овој проблем до крај квалитетно да се реши. Тоа значи заради фактот што и покрај направените измени во процесните закони не се постигна посакуваниот ефект и измените на Уставот во значајна смисла ќе создадат основа за казниви дела да одлучуваат и други органи, а не само судовите и сметаме дека тоа во голема мера би го подобрило, односно би го решило овој проблем.

Според нашиот Устав, познато ви е, лицето обвинето за казниво дело се смета за невино се додека неговата вина не се утврди со правосилна судска одлука или така познатата презункција на невиност. Тоа значи дека вината за кривичното дело или прекршок може да се утврди само со одредена судска постапка. На овој начин и за полесните казниви дела, како што се на пример сообраќајните прекршоци или оние кои имаат административен карактер, царински, даночен и слично, казни се изрекуваат само во судовите.

Заради зголемениот број предмети судовите не можат да бидат ажурни и голем број предмети застаруваат со што се доведува во прашање постапката по нив. Познато ви е некаде околу 1.200.000 годишно има вакви судски постапки, тие се преоптоварени со тоа, а се решаваат некаде половина значи 50%, што прави големи трошоци, а укажува и на неефикасноста, застарената казна не ја постигнува својата цел.

Поради ова, потребно е уставните измени да овозможат за прекршоците како казниви дела да одлучуваат некои други органи да ги именуваме како административни судови и други надлежни органи утврдени со закон.

Заради тоа е потребно да се промени односно преформулира уставната одредба и да се овозможи вината за сторено казниво дело да се утврдува не само со правосилна судска одлука, туку и со одлука на друг надлежен орган.

Ефикасноста на судството може да се подобри и со специјализација за решавање на одредени прашања односно организациско преструктуирање и воспоставување на специјализирани судови.

Во оваа смисла имаме некои судови преоптоварени, некои имаат малку работа, па во таа смисла може организациски да се помогне, но за тоа треба да создадеме уставна рамка за воведување на специјализирани судови и тоа преку донесување закон кој би поминал во Собранието со квалификувано мнозинство од пратениците.

На крајот уште уште да напоменам дека треба да се регулираат прашањата кои се однесуваат на судските постапки и принципите на работа на судовите во смисла да се обезбеди еднаквост на странките во постапката. Тоа овозможува заштита на еднаквите  човекови права. Но, од друга страна имајќи ги предвид меѓународните стандарди, меѓународниот факт за граѓански и политички права Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, државата треба да гарантира судење во разумен рок и примена на начелото на правично и непристрасно судење.

Тоа значи дека постапката пред судот ќе се води според начелата на правичност, јавност и непристрасно судење во разумен рок што го афирмира принципот на ажурност.

Секако имаме размислувања и за други промени кои треба да ги претрпат некои членови на Уставот во оваа насока, Пратеничката група на Либерално-демократската партија го подржува предлогот за промена на Уставот и ќе гласаме за.

Благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

За дискусија е госпоѓа Теута Арифи, а потоа госпоѓа Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Арифи.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министер за правда,

Пред нас денеска се наоѓа значаен проект за уставни измени што значи многу за процесите на натамошната демократизација на нашето општество, како и за интегрирачките процеси кои се стратешки приоритет на нашата земја, меѓутоа и на нашата политичка партија.

Парламентарната група на Демократската унија за интеграција ќе ги поддржи овие уставни измени потпирајќи се воглавно врз нашето ориентирање за реформи во судскиот систем во државата.

Овде сакам да говорам за основните причини врз основа на што ја поддржуваме оваа измена во Уставот било од политички аспект, но истовремено и во начелен аспект како пратеници.

Во прв ред сметаме дека независноста на судството е гаранција на системот и демократскиот развој на државата. Долгото искуство на политизирање на судскиот систем, повреда на човековите права и истовремено независноста на судовите покажува дека истовремено ќе имаше проблематизирање на системот на правдата. Силниот систем на судството и истовремено недискриминирањето на граѓаните во разните судски процеси е основна гаранција за градење на една демократска држава и во исто време да се биде на линија со начелата на демократијата во меѓународниот фактор.

Вториот аспект зошто ги поддржуваме овие измени е во однос на статусот на судиите. Досегашното искуство покажа дека неограничениот мандат на судиите не е гаранција за нивната ефикасност, истовремено не е гаранција за вистинска и правична ефикасна работа. Ние сметаме дека прашањето на избор на квалитетни судии истовремено и на засилување на институциите кои прават се за нивниот избор е основната гаранција за една ефикасна работа и за градењето на едно авторитетно судство. Ние сметаме дека силата на судиите за делење на правдата како што треба, истовремено и за третирање на сите граѓани исто без оглед на нивната припадност како етничка, расна, политичка или друга припадност гарантира всушност градење на авторитетот на судството, истовремено и на достоинството на граѓаните кои зависат на директен начин од ова прашање.

Ефикасноста на судството и неефикасноста, ако можам така да се изразам, е еден од најкритикуваните елементи во разните извештаи од меѓународниот фактор кои се во однос на судството во Македонија.

Затоа сметаме дека достигнувањето на едно ефикасно судство, ефикасноста во брзото решавање на предметите е општ интерес на граѓаните, меѓутоа, истовремено и наш интерес како институција која е во однос и поврзана со судството.

Истовремено сакам да застанам во улогата на Републичкиот судски совет. Сметаме дека Републичкиот судски совет со овие уставни измени го подджува аспектот на создавање на еден совет кој има независност и истовремено ќе се заснива врз потполна професионалност и професионално следење на судскиот процес.

Сметам дека за избор на судиите треба да се направи од страна на едно тело што ќе цени професионалност на судиите, нивната способност и истовремено нивното искуство во работата. Во исто време сметам дека ова тело се повеќе ќе треба да се засилува и да се издигне над политичките тела кои решаваат за судиите тргнувајќи од фактот дека за избор од страна на политичките тела се создава можност за политички влијанија.

Не можам а да не застанам од аспект на реализирање на правичната застапеност како едно од основните начела од Охридскиот договор и како еден од основните елементи на новата државна филозифија која ја градиме по 2001 година.

Сметаме и се ангажираме новите тела кои ќе обезбедат независно судство и ќе инсистираме да се поддржат начелата на правичната застапеност. Секако дека избор на секој судија треба да се заснива врз способноста, професионалниот кредибилитет, но истовремено сметам дека за избор на судиите треба да се одрази етничкиот состав на нашата држава тргнувајќи од фактот дека доколку не обезбедиме принцип на недискриминирање при изборите токму во процесот на судството, тогаш неможеме да обезбедиме ова начело да функционира и од друг аспект.

На крајот сакам да нагласам за одговорноста која ја имаме ние како пратеници за поддржување на овие измени пред нашите меѓународни партнери и во нашите односи со меѓународната заедница.

Тргнувајќи од аспектот како претседател на Комисијата за надворешна политика која организирала многу расправи и дебати во однос на интегрирањето на Република Македонија во НАТО и Европската Унија, искрено ни е сугерирано и кажано многу јасно дека аспектот каде треба да се преземат брзи, радикални и одлучувачки чекори е токму судскиот систем во Македонија.

Од овие причини, тргнувајќи од нашите основни начела на интегрирање во НАТО и Европска Унија, сметаме дека интересот за правење на овие реформи во прв ред е наш за достигнување на прифатливи стандарди, демократски стандарди кои ќе не направат членки на овие институции.

Да заклучам, влегувањето и зачленувањето во овие институции фактички се прави само со достигнување на стандардите во сите сфери од животот опфаќајќи го и судството.

Уште еднаш сакам да подвлечам, тргнувајќи од овие начела, тргнувајќи од овие приоритети Парламентарната група на Демократската Унија за интеграција ќе ги поддржи овие уставни измени и истовремено активно ќе учествува секаде каде има потреба за ангажирање во однос на реформите во судскиот систем.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам госпоѓо Арифи.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска, а потоа пратеникот Аднан Јашари.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Искрено да ви кажам некако ни тргна со менувањето на Уставот на нашата држава,не ги спомнувам оние измени за кои зборуваше господинот Љубисав Иванов - Ѕинго последната деценија на минатиот век, почнавме 2001, па 2003 околу прислушкувањето, во 2005 година оди ова редефинирање односно ние ќе правиме сега редефинирање на важните сегменти како што се Јавното обвинителство, судството, изборот на судиите, постапката пред Уставниот суд и тн., а доколку бидат прифатени дел од предложените измени во делот на судството како домино ефект, верувајте дека ќе следи измена како што е наведено во самиот предлог на Владата измена и на останатите членови на Уставот со кои се уредуваат надлежностите на органите на државната власт.

Сега, дали ние ќе ги редефинираме само овие сегменти или ќе направиме вкупно редефинирање на Уставот, тоа зависи од нас како пратеници во ова Собрание.

Уставот по дефиниција, почитувани колеги, знаете дека е највисок правен акт во една држава и сите закони и акти треба да бидат во согласност со тој највисок орган.

Честото менување на Уставот не први малку несериозни или дава слика на една несериозна држава, држава со недефинирани вредности и норми.

Сега логично се наметнува прашањето дали Република Македонија треба еднаш, мислам на овој момент кога се прави Уставот на Европската Унија, тој е во фаза на подготвување каде се стремиме, нашите заложби се за побрз влез во Европската Унија, конечно Република Македонија треба да го дефинира својот Устав и да не го менуваме на секои две години или ние постојано ќе каскаме или ќе задоцнуваме зад процесите кои се одвиваат секаде околу нас и постојано ќе интервенираме во Уставот. Значи, ние треба да решиме по кој пат ќе тргнеме или како што вели нашиот народ "Кој пат води Мариово".

Изгледа ние ќе го одбереме и најдолгиот и најтешкиот пат, а неколку работи ме посочуваат да размислувам така. Пред се, сите извештаи кои доаѓаат од надлежните институции во Евопската Унија укажуваат исклучиво на корупција во судството и тоа е како факт така, во одреден дел. Но, искрено да ви кажам не се согласувам дека сите судии во Република Македонија се корумпирани и дека корупцијата ја има најмногу во судството затоа што ако се завртиме секаде околу нас, корупцијата ја има и надвор од судството во сите сегменти и пори на нашето општествено живеење е влезена корупцијата.

Сега, и покрај сите овие воочени слабости во останатите сегменти од нашето општествено живеење сепак стратешки приоритет е реформата во правосудниот систем, за што побрз влез или наша интеграција во Европската Унија.

Едно мора да ни биде јасно реформа во правосудниот систем не може да се остварува ако таа не претставува составен дел на еден добро синхронизиран реформски пакет што треба да ги содржи и реформите во извршната власт и реформа на јавната администрација и реформа на локалната самоуправа и како дел реформа од правосудството, сето ова мора да биде во тесна корелација со реформи во економијата.

Затоа велам дека основа на вакво генерално преструктуирање и редефинирање на овие клучни сегменти во општеството треба да ни биде економијата. За жал, во Република Македонија се нешто друго ни е поприоритетно, се нешто друго е поважно, економијата ни е на последно место. Не може да се прави реформа во правосудството ако немаме реформа во извршната власт, не може да правиме реформа во јавната администрација без економија, односно без пари.

Поради тоа, потребно е нивно комплементарно спроведување ако сакаме конечно да тргнеме од мртвата точка каде подолго време стоиме.

Затоа ме плаши или поточно загрижува крајниот или ефикасниот исход од било каква реформа во правосудниот систем, без оглед дали се однесува за промена на дефиниција на казниво дело, дали се однесува на имунитет на судии, избор на судии ако тоа претставува само еден дел од нешто друго. Интервенираме само во еден дел без да учествуваме во останатите сегменти кои заедно предизвикуваат промени во нашето размислување и во размислувањето за нашиот натамошен развој како држава, или како што рече министерката државни интереси.

Јас сметам, или да кажам еден пластичен пример. Кога се гради куќа на вас ви требаат и пари и земја и градежен материјал и мајстори кои ќе ви ја изградат таа куќа. Вие ако имате само мајстори и земја можете ли да направите куќа? Не можете.

Двата клучни моменти на кои се повикува Владата и врз основа на кои се потпира реформата во судството прво е јакнење на независноста и второ зголемување на ефикасноста.

Јакнењето на независноста се однесува пред се на заштита од политички влијанија во процесот на одлучување на судиите, но, секогаш кај нас има едно големо но, прашање е, тоа го поставив како дилема на Комисијата за уставни прашања, до каде треба да оди независноста на судиите? Дали треба да имаме потполна независност која пак крие потенцијална опасност од корупција и зголемени можности за злоупотреби. Ако идниот Државен совет во себе содржи најголем број на судии, мал број на претставници од законодавната и од извршната власт со право ќе се прашаме која е гаранцијата дека судството навистина ќе стане и ќе остане независно и надвор од политички влијанија.

Вториот дел-зголемување на ефикасноста е посебна приказна. Овој Парламент донесе многу нови и клучни измени како законски проекти, значи нови закони, како и важни измени и дополнувања на закони врз основа на кои судиите си ја вршат својата работа. Но и покрај тоа сеуште судовите се обвинувани за неефикасност во нивната работа. Тогаш проблемот мора да се најде во самите судии, меѓутоа судиите не како личности, туку како функции заради тоа што некој друг им врши влијание и притисок за донесување на некаков вид на одлука од оној или во корист оној кој го врши притисокот и влијанието. Така да тој притисок ги прави неефикасни во работењето. Бадијала не рекол и самиот Мотеске кога одел низ земјите и прашувал не дали има добри закони, туку како се спроведуваат тие закони. Се прецизно, со една реченица-убаво си рекол човекот, меѓутоа ние очигледно сме бегале од час кога на училиште сме ја учеле таа лекција, па дојдовме до ова дереџе до кое сме сега со правосудството.

Многу важно и значајно прашање покрај овие, а во контекст на овие две-јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста, а кое произлегува од потребада да го менуваме Уставот во делот на сусдството е и следното прашање. Кој ќе ги спроведува реформите во правосудството и тоа од редот на судиите односно почитувани колеги пратеници кредибилитетот на луѓето кои ќе учествуваат во спроведување на реформите.

Не случајно го поставувам ова прашање и тоа од аспект на прифаќање на реформите како од страна на самите судии така и од страна на сите граѓани на оваа држава, затоа што сакаме да постигнеме позитивен краен ефект и граѓаните тоа да го почувствуваат.

Ако реформите се доверат на луѓе кои на ваков или на онаков начин учествуваат во досегашните реформи а кои евидентно не постигнале резултати, затоа и ги предлагаме измените на Уставот, или ако реформите ги довериме на т.н. експерти чии експерименти повторно левидентно во областа на правосудството укажуваат дека немаме резултати тогаш сметам дека дефинитивно ние нема да сакаме да ја спроведеме во реалноста, во пракса реформата во правосудството. Поради тоа сакам навреме да ја предупредам Владата да не ја заглавиме Република Македонија со погрешни луѓе повторно, во погрешно време и на погрешно место.

Накратко би сакала да ги изнесам своите забелешки во однос на некои од наведените сегменти за кои се бара да се изврши измена на Уставот.

Во делот на единствената судска надлежност на казниви дела како што се има намера да се направи всушност ние ќе се вратиме во минатото кога прекршоците беа одвоени од другите казниви дела за кои пресудуваше судот. Во сегашната состојба факт е дека судовите се пренатрупани, најмногу се сообраќајни прекршоци и останати видови на прекрошоци од административен карактер и сега да ги префрлиме, да ги отргнеме од грбот на судот за да може ефикасно да се посвети на останатите казниви дела ќе ги префрлиме на надлежните институции (Управа за јавни приходи, Царина итн.) нивниот број верувајте автоматски нема да се намали. Тие прекршоци постојано ќе си бидат и повторно се поставува прашање колку тие надлежни институции имаат и човечки и материјални ресурси да решаваат по однос на овие прекршоци за целиот тој број на предмети кој би им се префрлил од постојните и сите наредни, идни кои ќе произлезат.

Не смееме да ја заборавиме и судската заштита која е неопходна, а согласно член 50 став 2 од Уставот на Република Македонија се вели дека се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и другите институции што вршат јавни овластувања. Значи судската заштита и овде ќе биде потребна.

Во делот за промени на Уставот,а кои се однесуваат на потребното мнозиство за донесување на закони сум против ваквата предложена форма и тоа од неколку причини.Колегата Зоран Крстевски укажа на примерот за донесување на закон за државни службеници за кој е потребно двотретинско мнозинство

Понатаму друга причина за која сум против предложениот Предлог, а сум за двотретинско мнозинство е фактот што со самото двотретинско мнозинство ќе се оневозможи било кое идно парламентарно мнозинство да си го менува Законот за судовите како што сака. Тука ќе го спомнам и Законот за организација на органите на државната власт.

Третата причина поради која сум против предложениот предлог е кога некој вели ние се бориме за реформи во правосудството пред се заради наше добро а птоа заради влез во ЕУ и таа појава која сите сме ја констатирале дека постои корупција во судството избива на површина, констатирана е и од хоризонтални и од вертикални структури во нашето општествено живеење логички е дека за таа работа е потребно да постои консензус во државата за нејзино регулирање или санкционирање а во овој случај таков инструмент е само 2/3 мнозинство. Така да сметам дека не постои никаква основа да се менува постојното мнозинство за донесување како на закаонот за судовите така и на законот за организација на органите на државата.

Посебно внимание и дискусија и меѓу нас пратениците и на надлежните комисии и во јавноста се појави со потенцирањето на поимот мандат кај судиите.

Од досегашното искуство ние можеме да констатираме дека кога судиите беа избирани со ограничен мандат односно кога имаше реизбор и тогаш и кога мандатот на судиите им е трен факт е дека правосудството на нас не ни е како што треба. Некаде некоја карика во тој систем не работи, очигледно не функционира. Сега дали пробниот мандат односно период на опсервација, така да го кажам ќе ги опсервира судиите дали добро работат или не е најсреќното решение и дали ќе се постигне саканиот ефект тоа никој не знае, ниту Владата ниту ние. За да го најдеме решението сепак треба да се направи еден подлабок рез и да си одговориме на прашањето како можеме да дојдеме до праведно и до правично судство.

Тука секако најважна работа се судиите и критериумите кои треба да ги исполнат тие за да бидат судии. Лично сметам, почитувани колеги дека при изборот на судиите покрај утврдувањето на задолжителите критериуми кои треба да бидат исполнети согласно законот за судовите во оваа фаза како што е, покрај тие неопходно се потребни и факултативни критериуми кои се исклучително важни за спроведување на реформата во судството и за поставување на

идните основи за квалитетно судство. Потребно е да се заземе став и тоа во следните делови.

Дали на нас ни требаат искусни судии со над 20 години работно искуство, со сите можни опасности кои произлегуваат од нивниот долгогодишен мандат.

Второ, дали нас ни требаат млади кадри кои сега ги исполнуваат минимумот од пет години работен стаж за да бидат избрани за судии и кои ќе ја спроведат реформата во судството со опасност да неможат да го издржат притисокот на реформите кои следат во судството.

Трето, дали нас ни треба еден микс меѓу искусни и млади кадри, значи искуство со младост повторно со опасност на младите да се пренесе она лошо искуство кое го имаат заради кое всушност и се прави оваа реформа.

Секако одговорот е многу деликатен и треба внимателно да се оди на тој пат затоа што токму таму лежи одговорот на прашањето дали ќе не биде или нема да не биде во иднина.

Почитувани колеги, за кредибилитетот на носителите и спроведувачите на реформите токму во делот на состав и положба на Републичкиот судски совет доаѓа најмногу до израз. Значи постои реална опасност од затворање на тој тесен круг на судии кои сами меѓу себе ќе се избираат и ќе се разрешуваат при што директно може да се смени и правецот и курсот по кој се движи нашата држава. Секако насоката нема да биде арна туку ќе биде лоша. Ова непосредно се надоврзува и на надлежноста на Републичкиот судски совет во врска со изборот на судиите, како и нивното разрешување.

Токму во самиот предлог од страна на Владата се презентирани недостатоци кои укажуваат дека постои многу реална опасност од појава на корупција како резултат на големите овластувања на Републичкиот судски совет а непостоење на контролен механизам што уште еднаш ми дава за право попрво да ги гледам лошите работи кои можат да се случат, претседателот во една моја дискусија рече многу предвидувања имаш во иднина, меѓутоа искуството почитуван претседателе ме тера така да размислувам, значи да предвидам она што може лошо да се случи и да и укажам на Владата за тоа за да се изнајдат соодветни заштитни механизми од таквите појави.

Го поздравувам предлогот на Владата за дополнување на Уставот со начелото за непристрасно судење во разумен рок, иако и досега ништо не ги спречуваше судиите да судат во разумен рок. Значи, пак се враќаме на Монтеские, но сепак кај нас најверојатно треба да биде се напишано од “а” до “ш” за да може да биде применливо. Не смее да остане некој луфт затоа што толкувањето секој си го врши согласно своите субјективни познавања.

За крај сакам да резимирам.

Нема реформа во правосудниот систем ако не се воспостави институционална стабилност, департизација и подигање на капацитетите на државата во вршењето на нејзините државни фунцкии и тоа од регулаторна до надзорна функција и сето ова да не биде проследено со развој на екномијата. Пак ќе предупредам дека без координација на сите потребни делови нема да имаме никаков ефект и сто пати да го менуваме Уставот ефектот ќе биде таков каков што е. Неопходноста на реформите никој не ја спори и од тие причини, како и од причини што досега постојано бевме обвинувани за неконструктивна опозиција, ваква опозиција, таква опозиција, опозиција само со декоративни заложби, еве јас ќе гласам за Предлогот за пристапување кон измена на Уставот, меѓутоа го задржувам правото да ја корегирам Владата во однос на одредени решенија кои сметам дека не се во ред вака како што се предложени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓа Којзеклиска.

Збор има пратеникот Аднан Јашари, а потоа нека се подготви пратеникот Словбодан Чашуле.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Сите знаеме дека по осамостојувањето на Република Македонија 1991 година се донесе Уставот на Република Македонија, кој Устав до сега претрпе неколку измени. Сите знаеме дека во овој период низ кој поминува Република Македонија, кој е познат како период на транзиција во неколку системи опфаќајќи го и правниот систем се појавија некои недостатоци кои се однесуваат не само на просторот и можноста на политички влијанија, туку и со неефикасноста на овој систем, неажурноста итн.

Од друга страна имајќи го предвид фактот дека Република Македонија е потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Спогодба која е обврска за Република Македонија се предвидува нејзините органи да направат измени во правниот систем. Од друга страна настојувањето Република Македонија да се зачлени во Евро-атланските структури опфаќајќи го и НАТО и ЕУ, членства кои бараат над се Република Македонија да стане вистинска правна држава, држава каде над се ќе владее или ќе бидат во сила Законот, Уставо и другите правни акти. Над се овие барања како што знаеме ги предвидуваат и Копенхагенските документи, документи кои нормално бараат Македонија над се да биде правна држава.

Моја оценка е дека преку овие измени или преку оваа иницијатива за уставни измени, се бара да се предвидат реформи во два сегменти, поради две клучни причини.

Првата причина е преку овие уставни измени да се зголеми ефикасноста на правосудните органи. Втората причина е дефинитивно овие органи да се осамостојат. Ефикасноста подразбира е, ефикасност на правосудните органи, значи измени во многу сегменти во кои треба да се отстранат сите фактори кои влијаат во

неажурноста на овие органи. Органите, кои нормално влијаеја во одредена мерка многу судски постпаки да не бидат завршени. И покрај се, во незавршувањето на овие постапки не влијаеше само неажурноста на правосудните органи, туку без сомнение влијание имаа и многу закони или акти кои повеќе имале формално правен карактер. Како што сме сите информирани дека од ова Собрание пред извесно време се донесени неколку закони од формален карактер, но и над се преку овие измени, велам, треба да се влијае во ажурноста на правосудните органи, затоа што се предвидува можноста за одредени престапи да носат одлуки и други органи кои не учествуваат во рамките на правосудните органи. Независноста на правосудните органи подразбира донесување на одлуки во текот на одлучување без влијание од други органи или од други субјекти, било политички или неполитички субјекти. Свесен сум дека ова прашање е многу комплексно прашање и во суштина ова прашање зависи и од функционирањето на другите системи, како политичкиот, економскиот итн. Но, над се е факт дека во Уставот на Република Македонија е утврдено или предвидено дека судовите се независни. Со оваа норма се настојува а се утврди позицијата на правосудните органи во споредба со другите органи на судската власт. Над се, независноста на судските органи, опфаќајќи ги и судовите, се изразува и преку уставното начело според кое судовите судат само врз основа на уставот, законот и нормално на конвенциите ратификувани од страна на ова Собрание. Судот, остро оваа независност или независноста на судските органи, исто така, е заснован и во начелото на законитоста. Овие начела кои претходно ги нагласив подразбираат заштита на судовите во текот на донесување на одлуки од секое влијание како од надвор, така и од внатре. Но, и покрај се, почитувани колеги, независноста на судовите не се однесува само на овие односи, туку и односите на судските органи со органите на другите власти, а и се однесува и на самите релации на правосудните органи. Во оваа насока, зборот ми е за релациите помеѓу судовите од разни рангови, од разни степени, додека исто така ценам дека независноста на правосудните органи, опфаќајќи ги и судовите се однесува и на односот помеѓу судиите и претседателот на еден одреден суд. Една ваква независност прокламирана за овие начела кои ги спомнав претходно, досега се насојуваше да се обезбеди преку изборот на судиите со постојан мандат, обезбедување на имунитетот за судиите итн. Но, и покрај се досегашната пракса покажува дека нешто во оваа насока не е во ред. И, над се, ценам дека независноста на судовите до сега беше загрозена од два аспекти.

Првенствено, е загрозена од начинот на избор и разрешување на судиите.

Второ, финансиската независност или целосната независност на правосудните органи. Инаку, во насока на начелото на независноста на судиите треба да се истакне и тоа дека функционирањето кое се однесува со функционирањето на судството, е инкопатибилно со секоја друга функција, јавна или членство во некоја друга политичка партија. Сите овие реформи, според мое размислување, кој значи, кои се предложени со овој предлог имаат за цел почитување на некои начела како што се владлеење на правото, начелото на целосната поделба на судската власт од законодавната и извршната власт, начелото на заштитата на правата на граѓаните, почитувањето на правилата поврзани со професионалната етика, приемот на европските стандарди во областа на правосудството, правичната и соодветната застапеност на припадниците на етничките заедници и многу други цели.

Во оваа насока, пред да завршам со моево излагање, сакам да направам еден осврт во предлозите кои се поднесуваат како аспект како ќе се организира во иднина правосудниот систем или во оваа насока сакам да нагласам во однос на судскиот систем ќе имаме специјализирани оддели и со тоа не сакам да направам некој осврт во начинот како ќе се изврши изборот или разрешувањето на судиите, кој ќе биде мандатот во иднина на судиите, но покрај се, мило ми е што предлагачот преку оваа иницијатива дефинитивно се залага и еден орган, кој за мене е многу значаен, како што е Уставниот суд да создаде уставна рамка во иднина и овој сегмент на правосудството да се регулира со правен акт односно со закон.

Пред да завршам, би сакал како член, како пратеник да предложам во иднина треба да се прават залагања во втората фаза и нотаријатот како еден сегмент во правосудството е добро да се предвиди и да се внесе во Уставните категории. Ви благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Чашуле, а потоа е пратеникот Ефтим Манев.

**Слободан Чашуле:** Благодарам, господине претседател.

Почитувани колешки, колеги, почитувана госпоѓо министер.

Пред нас е, за мене, извонредно смел исчекор и од нас зависи колку ќе биде голем и плодотворен. После 15 години решаваме да го промениме Уставот во делот каде што тој ја регулира судската функција на власта како еден од трите столба на кои се темели нашето демократско општество. И, тоа е добро. Јас мислам дека иницијативата да се пристапи кон еден ваков архитектонски зафат во нашиот политички систем, нема човек и госпоѓа во овој парламент што нема да го прифати, освен оние што можеби ќе трагаат по некои вредности и негде другаде и ќе најдат сила да гласаат против. Но, на самиот почеток нужно е да се направи една дистинкција. Едно е потребата Република Македонија да исчекори од самоуправниот пристап кон судството, во нов демократски, а друго е кои решенија ни се понудени. И, за решенијата кога ќе дојде време ќе

ја употребиме сета наша енергија, знаење и ние и јавноста, бидејќи одиме како што прилега во три фази и се надевам дека таму ќе ги доправиме чекорите, за кои реков на почетокот, дали ќе бидат смел исчекор во правец на она што нам навистина ни треба.

А, сега, за ова што ни претстои. Добро е кога веќе како одговорни жени и мажи овде ќе кренеме рака за да го смениме во еден од најделикатните и најчувствителните делови од Уставот донесен пред 14 години, заедно со поддршката на таквата иницијатива да искажеме и некои размислувања, кои се надевам ќе послужат и за оние што како постручни од мене, претпоставувам постручни и од други во овој состав, ќе седнат и ќе ги дадат контурите на мислите што овде ќе ги иницираме денеска и потоа ќе ги разгледуваме и како предлози.

На самиот почеток по илјадити пат од оваа говорница ќе повторам дека и ова го правиме за нас. Значи, за нашите граѓани. Она што како човек и пратеник понекогаш ми паѓа, нема да речам тешко, ниту непријатно туку ме става во дилема дали можеше да биде поинаку, е што требаше толку време да помине и толку многу укажувања да дојдат на маса, па да смогнеме сили да го смениме Уставот. Па, луѓе, нема ништо идеално на светот, а најмалку се идеални општествата во кои се градат држави. И, демократијата е далеку од тоа да биде идеална, но во овој стадиум на развој на човештвото, нема ниту потешка, ама ниту поефикасна уредба на односите меѓу луѓето. Според тоа, ако донесовме Устав во едно време кога требаше да се исчекори од друга епоха во развојот на нашата држава, можеше многу побрзо да се пристапи кон видоизменувањето на улогата на темелниот столб на трите функции на Власта, т.е. судската, зашто таа секогаш во демократиите мора да биде дефинирана како арбитер помеѓу граѓанинот и државата. Државата сфатена во прв ред со сите нејзини механизми, задолжена да ги хармонизира интересите на сите граѓани, при што неодминливо ќе прави грешки, при што неодминливо ќе се најдат повредени интереси. Затоа, демокртиите го измислите судот, можеби и пред самиот поредок, за да има каде странките кои се чувствуваат повредени да побараат пред самостојно да подели она што го нарекуваме правда.

Ние имаме судски систем, кој заради текот на многу историски околности во овие 15 години, иако сите знаеме дека му е потребна коренита реформа, целосно проветрување, целосно прочистување, само го надополнуваме.

Затоа, мојата заложба овде, давајќи го, еве, вака јавно мојот глас во знак на поддршка на иницијативата за промена на Уставот, би сакал да кажам дека за мене на Република Македонија не и требаат само самостојни судии, не и требаат судии со ваков или со онаков мандат. На Република Македонија и треба целосно нов пристап кон примената на законите, и треба на Република Македонија целосно нов пристап кон кривичниот кодекс, граѓанскиот кодекс, кои мора да ги депургираме од вредностите кои биле валидни во некое друго врреме, а сега се целосна контрадикција на она што го градиме како општествени односи односно не го градиме, туку ние како држава даваме израз на тие нови општествени односи и низ законите што ги носи овој Парламент, а врз основа на кој потоа некој трет треба да решава каде е правото и каде е правдата, бараат друг менталитет, бараат други инструменти. Јас не можам од овде од оваа говорница да излезам и да кажам дека не ни чинат судиите. Незнам, јас за тоа не сум упатен, не сум школуван. Но, знам дека ние како пратеници на нашите судии не им дадовме алат за да покажат кои се, што се, колку вредат и дали навистина умеат да ја вршат таа улога. Затоа, одговорноста за стадиумот на развој, на самостојната функција на власта, речено, судска паѓа на сите нас. Секоја недовршена работа, секоја половично направена работа, секоја работа реформирана до границата на комодитетот, а не и повеќе, ние и затоа не го менуваме долги години Уставот, затоа што се плашиме од разни други премрежја и не менувајќи го се доведуваме во ситуација како што е оваа, буквално друштвото на демократии наречено ЕУ, да ни рече, чекајте малку со ваков поредок во рамките на судската функција на Вас, вам вако ви чини добро, ама кај нас не функционира. И, ние сега го менуваме.

Мојата заложба е да не брзаме. Мојата заложба е со изгласувањето на потребата да се менува Уставот, да отвориме широка врата за целосна реформа на правосудството. Ние, со тоа што, јас не се согласувам на пример со пробен мандат, но тоа е мое мислење и кога ќе дојде ред да ги гледаме деталите, ќе ги кажам аргументите, сега не сакам со тоа да ве замарам. Нам ни треба поредок во кој ќе изградиме судија кој ќе се ослободи од потребата, како што беше порано во многу случаи, а особено во разни раздобја било на сталинизам, било на етатизам, било на самоуправување, било на самоуправна демократија да се раководи по идеологијата која била доминантна. Ние мора да создадеме таков облик на судство во кој на поединецот ќе му овозможиме да биде самостоен. Зашто, верувајте ми, идеално чиста личност ослободена од идеолошките контаминации кои произлегуваат како комуникација меѓу односите на луѓето или се резултат на таа комуникација, не постои. Значи, луѓето не можеме со клистир да им го исчистиме умот и да ги направиме идеални суштества кои ќе седнат, ќе отворат книга и ќе пресудат. Не, ние треба да им обезбедиме амбиент во кој тие својата етичка исправност кон работата што треба да ја прават, ќе ја градат сами, но претходно мора од овде да тргне јасен сигнал дека повеќе нема да има друга за нив идеологија, освен владеењето на правото, еднаквоста на граѓаните пред судот и што е најважно еднаквоста е на граѓаните и државата пред судот.

Потоа, треба да пристапиме кон темелно во нашите глави изменување на поимите што е тоа сопственост, како таа се штити. Треба да

размислиме дали ваквата процедура што ја имаме во самите судови е доволно само да ја дотеруваме и треба, бидејќи Уставот вели за да може да биде достапна на сите јазици на нашата мултикултурна заедница, но дали е тоа доволно. И, дали ние со еден ваков систем, со тоа што на судиите ќе им дадеме ваков или онаков мандат, ќе им дадеме ваков или онаков буџет, ќе им дадеме ваков или онаков совет, ќе ги направиме самостојни. Не, не, во основа ако веќе влегуваме во тоа да го менуваме Уставот, тогаш треба да ја смениме целокупнната филозовија во нашите глави, за да излеземе со нов поим кој и е неопходен на Република Македонија, а се вика демократско судство. И, тука од првиот до последниот закон, не со иновации, не со измени, не со дополнувања, туку со коренити промени треба да пристапиме кон давањето на алатки на судиите, за да можат кога ќе дојдат предметите во нивните судници како производ на новите општествени односи и на односите меѓу луѓето, да можат да судат.

Една од причините поради која судовите ни се презатрпани, а јас повторно не можам да судам за ефикасноста на поединците, е фактот што ние во нашите судови имаме сијасед проблеми, а извонредно малку алати, извонредно малку извршители, т.е. судии.

Според тоа, добро е, бидејки од некаде мора да се почне, а за мене е без каква и да е дилема, јасно, дека важната работа е промена и целосна реформа на судството, ама јас знам да разликувам важни работи од приоритети и во тие приоритети да ја постигнеме таа цел, прво треба да почнеме со создавањето на амбиент во кој што судиите ќе можат да се чувствуваат самостојни. Оти, тешко на она општество каде што ќе треба да градиме механизми што ќе ги заштитуваат, што ќе ги бранат судиите. Ако е така, секогаш ќе се најде политичка сила, политичка волја, политичко изигрување тие бариери и брани да се надитрат, да се надиграат, да се извитопери процедурата што, впрочем, бидјеки сме некаде на пола пат помеѓу самоуправување и демократија, помеѓу договрна економија и пазарна економија и ни се случува денеска, па имаме бесконечно траење заради тоа што поинаку не е решено. Кога ќе дојде решението, сите сме шокирани оти во реалниот свет живееме во пазарна економија, да не речам капитализам и во демократија, а одлуакта како да му припаѓа на некој друг свет. Е, па, тоа е така затоа што сеуште имаме предолготраен компромис меѓу два начинина уредување на нашето општество, т.е. на два системи на нашата држава.
Затоа, треба да создадеме амбиент во кој што судиите ќе можат да бидат, ќе се чувствуваат и ќе работат самостојно, а да санкционираме несамостојно работење, но прво, себе си.
Второ, нема самостојност и нема амбиент ако судиите зависат, за својот буџет од нас. Еве, ќе ви кажам зошто ова го велам. Најмоќната власт во демократијата е власта на кесето, силата на кесето. Парламентот е создаден, таму некаде на почетокот во Англиското Кралство за да му определи на кралот колку пати ќе му даде за вршењето на работите, меѓу кои и војната и судењето.
Значи, Парламентот, по својата дефиниција од сите законодавни дејствија, најважно е Законот за буџет. Тоа значи дека ја има власта на парите што граѓаните со даноци ја издвојуваат за да може да функционира државата што ги уредува односите меѓу сите нив.
Ако судската власт зависи од законодавната власт на толку директен начин, да ние ја имаме моќта на кесето за нив, тогаш тие, од редица причини не ќе можат да се чувствуваат докрајно самостојно.
Едно е дијалектиката на законодавната, извршната власт кои **е**манираат една од друга и се последица на дирекни парламентарни избори, каде што мнозинството, врз основа на добиениот мандат, им доверува извршни функции на една група на луѓе, наречени министри, кои потоа заедничките пари ги користат и тие заеднички пари, преку Буџетот и неговото донесување, доаѓаат во Парламентот на проверка, прво на отчет како биле потрошени претходните и потоа на проверка како ќе бидат потрошени во иднина.
И тука, иако се работи за две самостојни функции на власта, постои поинаков облик на односи и меѓу зависност. Затоа влади паѓаат, затоа има предвремени избори, затоа конечно има и политички избори.
Нам ни треба во судството што? Ни треба трајнсот, конзистентност и ни треба можност, надвор од политичката волја што се артукулира овде во овој идеолошки Парламент каде што пратениците се бираат врз основа на партиски листи, судот мора, значи надвор од овој амбиент, да живее и да функционира и наспроти, понекогаш доминантната волја на мнозинството, да функционираат самостојно.
И, зошто ви го велам ова “наспроти доминантната волја”? Моето животно искуство, сум живеел во демократија што се извитопериле во диктатури, имено заради доминантната зависност на институции што се нарекувале, во даден момент, демократски, а биле октроирани и го доведувале целото општество во, порано или подоцна, колапс.
Значи, ни треба самостојнсот, изразена преку самостојноста на судското кесе. Треба да се регулира начинот на кој што судовите ќе ги остваруваат и своите дополнителни приходи. Ќе треба судиите, а тоа треба и ние, како пратеници, политичари и нашата јавност која што, заради сеопштото заостанување на економијата во една предреформска фаза или да речеме во една претпазарна фаза, тешко и паѓа, судиите ќе мора да бидат платени многу подобро од сите нас. Тука треба да биде една од природните заштити.
Значи, треба амбиент во кој што ќе се чувствуваат ослободени од нашиот притисок, треба можност да располагаат со средства, значи со Буџет и да бидат наградувани на начин што ќе овозможи дополнителен стадиум на самостојност во однос на мените, премрежјата што произлегуваат од

многу често конфликните интереси на единките во општеството, па бидејки признаваме во демократијата дека има интереси и конфликти, ни треба и арбитер што ќе ги хармонизира спротивставените интереси, а тоа се нарекува судска функција на власта.

Според тоа, ако во приоритетите ги туриме овие три крупни исчекори, тогаш веќе ќе можеме, држејки ја ширум отворената врата што ќе ја отвориме денеска со прифаќањето на промените на Уставот, ние ќе мора, потоа, смело да зачекориме. Имаше, во поранешни Југословенски републики што тогаш станаа држави, парламенти, што работеа девет месеци деноноќно и ги донесоа законите што требаше да се донесат, од корен. Тие што не беа приоритетни ги дотераа и ги одложија на страна, тие се сега членки на Унијата. А ние, за да на нашите граѓани им приуштиме демократско судство, сега одговараме на предизвиците што Европа ни ги даде и за три месеци треба да покажеме перформанси, бидејки Европската комисија тогаш ќе треба да се определи да ја даде својата согласнсот, Советот на Евроспката унија да не прогласи кандидати, да почнеме преговори.

Затоа, вратата, кога веќе сега сме ја отвориле, а според Спогодбата за стабилизација и асоцијација но и според 24-те поглавја што ќе ни бидат отворени во фазата на преговори за зачленување во Унијата, ние ќе мора закон по закон да гледаме, а и многу е сторено до сега, до каде сме, но и закон по закон ќе треба да ги менуваме.

И, затоа не гледам ништо страшно во тоа ако некои работи ги правиме од корен. Ние нема да станеме преку ноќ членки на Унијата. Ќе треба период на време за преговори, но тој период ќе биде онолку кус, онолку колку ние ќе бидеме динамични во зафаќањето со коренитите промени во Кривичниот законик, на граѓанското право, на вонпарничките односи, на наследството.

Ние мора, конечно, во нашите глави и затоа е добро што го менуваме Уставот, да сфатиме дека градиме држава што функционира во општествени односи каде што е доминантна вредноста сопственоста и доминантна вредноста граѓанинот, заштитата на неговиот имот, заштитата на неговото здравје и на неговиот живот. Тие два параметри треба да стојат пред нас после ова отворање на Уставот кон промени и постепено, почнувајки сега со неколкуте приоритети што ги набројав, да стасаме таму некаде кон некоја година, се надевам ако бидеме умни и динамични тоа ќе биде побргу, со готов пакет кој, верувајте ми, како човек кој преговараше со Унијата за Спогодбата за стабилизација, многу ми е јасно, најважен од сите е судството, внатрешните работи, апроксимацијата на нашиот правен поредок кон Европа. Заради тоа што не можеме да претендираме, прво да и нудиме на нашите граѓани сурогат за демократија, како што доста често, со сета заедничка одговорност го правевме до сега. Но, исто така, ние не можеме и на граѓаните на Европската унија да им речеме: кога ќе дојдете во Република Македонија некои работи ќе важат поинаку. Не. Не. Тие мора да важат од Гевгелија до Норчепинг, до Стокхолм, до Гетеборг, на ист начин, со ист закон, со исти права. Тоа е вториот дел од историската задача што сега ја преземаме ние на себе. Првиот, ви реков, е да го нарпавиме сето ова да одговара на нашите сегашни општествени односи, а второто е за да одговараме ние на начинот на кој се арбитрираат конфликните интереси во Европската униај за да можеме да станеме целосно дел од тоа семејство.

И еве, да ви кажам како една мала дигресија, ќе ми дозволите, две ситуации што сега се случуваат.

Еден од крупните проблеми на Република Словенија што не претрка заради тоа што работеше во 1991 и 1992 година нон-стоп, а ние гаевме некои други размисли па сега ние ќе работиме нон-стоп, но и сега не е доцна, во Република Словенија еден од крупните проблеми е што доаѓаат граѓани од цела Европа и купуваат имот. Ама, нема повеќе затворени ентитети во Европската унија. Или е Унија или не е.

И, еден мал инцидент, читам во весниците, еден германски авион летајќи од Бугарија пречекорил во воздушниот простор на Унијата, на Романија. Романското воздухопловство го приземјиле. Луѓето, кои биле во авионот, се зачудиле - Па нели сте и вие во Унијата? Ме разбирате што сакам да ви кажам? Овие две земји потпишаа договор, но уште не се влезени. Кога ќе влезат, за целиот простор на Унијата ќе важат едни стандарди, ќе важат едни закони.

Ние ќе можеме, во спецификите што произлегуваат од нашата култура, од нашите култури, од нашата мултикултура да имаме детали во рамките на она што е дозволено како динамика во Унијата. Но ние не ќе можеме да се разликуваме дијаметрално од правниот поредок таму. Што значи дека ние денеска започнуваме два политички или политичко-архитектонски постапки:

Едното е да направиме слободно судство за нас и

Второто е, уште од сега да ја вградиме Република Македонија во заедничкото општество на Европската унија и притоа, бидејки ви нагласив и пред тоа и сега потсетувам, имаме можност, во рамктие на параметрите што важат за сите во Унијата да водиме сметка и за одлуките на нашето општество и тука да ги вградиме спецификите.

Но, она што треба во овој момент да ни биде на сите беспрекорно јасно, е, кога ќе ја донесеме оваа одлука, дилеми и враќања нема. Што не значи дека нема да водиме полемика изострена, прецизна, спротивставена. Оти, во крајна линија правото да се спротивставиш е темелното право во демократијата. Но, враќање назад нема.

Затоа, ние како Пратеничка група, а се надевам и другите пратенички групи од опозицијата, ќе го прифатат овој револуционерен, за мене, филозовски исчекор во правец кон иднината на нашите деца и наша и едногласно ќе ја донесеме оваа одлука за пристапување кон промена на

Уставот, што ќе послужи како дополнителен политички аргумент за Европската комисја да сфати дека во Република Македонија постои заедничка европска волја и постои сопственост врз одговорноста, таа волја да се имплементира и да стане стварност.
Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле.

Во потполност се согалсувам дека Словенците работеле нон-стоп. Но, за нас ќе треба некој збор што значи повеќе од нон-стоп, ако, каде што имаме општ консензус, дискутираме по саат време и тоа доста општо, ќе ни треба некој збор што значи повеќе од нон-стоп за да сработиме нешто.

**Слободан Чашуле:** Јас зборував 26 минути.

**Љупчо Јордановски:** И 26 минути за консензус сепак е...

Добро.

Сега е господинот Ефтим Манев, а потоа е господинот Мрајн Ѓорчев, се надевам дека ќе стасате пред паузата господине Марјан Ѓорчев.

**Ефтим Манев:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Ќе се обидам сосема накусо да се произнесам по Иницијативата за измени на Уставот. Уште на почетокот би кажал дека лично јас и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе ја пдоржиме оваа иницијатива.

Ќе ја подржиме од причини што навистина постојат причини за интервенции во Уставот во делот каде што се работи за судската власт.

Очигледно е дека,според досегашното исксутво од изминативе 14 години од донесувањето на Уставот на Република Македонија во 1991 година со што е дефинирано дека власта е поделена на законодавна, извршна и судска и очигледно е дека судската власт ја нема најголемата независност и слобода во своето одлучување, истата е притисната во еден дел како од законодавната односно и од извршната власт.

И токму во тој дел се прават напори да се најдат механизми во Уставот каде што судската власт ќе биде тотално независна при одлучувањето, со тоа што треба да водиме сметака за нивната одговорност и контрола, кој ќе ја врши.

Очигледно е дека судството е недоволно ажурно во Република Македонија. Се зборува на големо дека, како во Републиката така и надвор од неа, нашето судство е дури корумпирано, за што би сакал да кажам, можеби постои во некој дел и такво нешто, но причина за тоа е сепак тоа што судството е, засега, зависно од извршната и од законодавната власт.

За да се избегне тоа, предложените иницијативи за измена на Уставот се прифатливи во некој дел, а во некој дел семтам дека се прави забуна да судството и натаму биде контролирано од политиката во Република Македонија, односно од онаа власт што ќе ја има власта.

Би почнал онака како што е поставено од предлагачот.

Дали треба да имаме ние единствена судска надлежност за казниви дела? Се предлага дека во еден дел треба да има отстапување од ова начело. И тоа, претежно се спомнува за прекршоците и некои деликти од облста на царината, трудовата инспекција и другите инспекциски органи и тоа за деликти што се наречени како прекршоци.

Можеби во некој дел го делам мислењето дека нашето судство е премногу преоптоварено со прекршоците и прекршочната посатапка. Доминираат бројно и така заостанува другиот дел на судството,како невидлив. Сепак, иако се одлучиме на таков чекор, не треба во Уставот да остане празно кој ќе ги обавува тие работи? Не значи ако прекршоците ги тргнеме од судството, навистина судството ќе стане во голем дел ажурно, имајки предвид дека и извршната постапка до сега или Законот за извршување ќе ги одземе предметите и за извршување, така што судството во целина ќе стане ажурно, и те како.

Но, што со тоа? Дали тој баласт ќе биде фрлен некаде во некои ќошиња, ќе стои нерешен? Република Македонија треба да најде начин за ажурно решавање и на прекршоците. И тоа треба во Уставот да стои кој ќе го обавува. Очигледно е дека, некој спомна од колегите пратеници и јас ќе го спомнам, на Република Македонија и е неопходно административно судство.

Го има во цела Западна Европа. Токму тие прашања ќе дојдат таму. Инаку, ако сакаме прекршоците да ги оставиме да ги решаваат луѓе кои што не ја познаваат таа проблематика ќе направиме грев спрема граѓаните на Република Македонија кога знаеме дека е огромен бројот на прекршоците и по однос на нивното поднесување кој ги поднесува. И ако остане вака да се решава како што е сега, прв степен подрачно министерство, втор степен министерство на ниво на републиката, тоа е катастрофа за граѓаните по однос на нивните права и затоа така е дефинирано во првиот Устав на Република Македонија дека судството и казнените дела единствено се под судска надлежност.

Мораме да го дефинираме тоа граѓаните да имаат сигурност и во решевањето и во брзината и во нивното право, сепак на крајот треба да излезат, а тоа се тие административни судови, судот да докаже дали тоа е исправно, или не е исправно. Толку би имал по тој дел за што треба предлагачот да подразмисли. Тие се наши иницијативи, видувања, потоа ќе дојдат како амандмани и ќе имаме повеќе можности да се произнесуваме.

Втората точка каде што е наведена во Предлогот, потребно мнозинство за донесување на закони каде се наведува дека законот треба да се донесе со мнозинство од вкупниот број на пратеници, односно со 60 пратеника. Лично сметам дека таму

не треба да чепкаме. Потребно е и те како да остане досегашното уставно решение, тоа да се донесува со 2/3 мнозинство, бидејќи 2/3 мнозинство гарантира консензус, или прифаќање од вкупниот број на пратеници, претежно каде што ќе има и опозиционери, тогаш ќе имаме поадекватно и поцелосно решавање на проблемите во судската власт. Мислам дека во тој дел не треба да се менува Уставот.

Интересно ќе биде прашањето и сметам дека ќе биде најбитно во оваа состојба по однос на измените кои што се носат кој ќе ги бира судиите, кој ќе ги разрешува. Токму овие одредби судството ќе го одлепат од законодавната власт и од политиката на одредени политички сили кои што ја имаат власта.

За Републичкиот судски совет, има соседни држави како го решиле тоа прашање и колку судии брои тоа тело и како ќе му биде името, дали државен судски совет, дали судско собрание, или како и да е, името не е многу битно, туку битни се неговите надлежности и начинот на неговото избирање. Исклучиво јас би сакал да потенцирам што треба да се реши во Уставот, дали ќе биде доволно судовите да се одлепат од политиката кое што досега постои, иако судството го сметаме за независно, бидејќи секогаш го избирал некое собрание и власта која доминирала во тоа време и изборот бил таков. Дали сега кога ќе се одлучиме да се одлепи судството од законодавната власт кои судии ќе бидат избрани во него, дали дел од тие судии нема да имаат некоја наклонетост во досегашниот избор и да си создадеме уште поголем тоталитаризам во судството, барем во тој судски совет што ќе биде. За тоа е битно да се најде и решение во Уставот кој ќе го контролира и тој судски совет.

Значи, може тотална слобода во судството и да се препушти исклучиво на тој судски совет што може да биде уште поголема трагедија дури и од сега што имаме. На тој дел би сакал да укажам за кое сметам дека претставникот на Владата, министерот и записниците ќе ги има во предвид, веројатно ќе се сретнеме уште еднаш, два пати пред да се поднесат таквите амандмани.

Имам сознание дека работи Комисијата која е составена од сите пратенички групи за да се подготват амандманите и во тој дел ќе треба прилично размислување и од експерти и од Влада и од сите нас, се со цел да создадеме навистина независно судство кое што ќе постапува исклучиво по законите и во Република Македонија да владее правото, а не да владее политиката. Политиката владее во донесување на прописи, на закони, а судството се занимава исклучиво на основа на донесени закони и треба да ги спроведува.

Би сакал да се произнесам и по иницијатива која што се дава за Јавното обвинителство дека и овој државен орган како единствен орган за прогон на сторители на кривични дела, неговиот избор, отповикување, правење на повреди, да ги решава истото тело.

Мислам малку е деликатно во тој дел и ќе треба малку повеќе да се поразмисли, затоа што за мене во судската власт не можам да го уврстам и Јавното обвинителство, затоа што Јавното обвинителство е странка пред судовите, а не пресудува. За неговиот избор ќе треба да се подразмисли до поднесувањето на амандманите кој тоа ќе го врши и како.

Би имал само едно мое размислување каде што треба во Уставот барем да се дефинира покрај Јавното обвинителство, во прогонот да се вклучи и приватниот обвинител кој што го има во повеќе држави каде што Државниот обвинител подзастанува, вкалкулиран, тогаш да може тоа да го прави овластен обвинител од оштетените граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани господа министри, претставници на Владата на Република Македонија.

Јас со моето произнесување денеска по оваа точка ќе го искажам ставот на групата независни пратеници во македонскиот Парламент. Оваа иницијатива за измени на Уставот на Република Македонија во делот на правосудството од својата изборност, барем според оваа куса и недоволно јасна информација и по искажувањето на министерот за правда ја црпи од стратегијата на Република Македонија за реформи во правосудниот систем. Основната цел на реформите чиј што зачеток е оваа иницијатива исто така е само глобално назначена како развивањето на европските стандарди, а не се кажува какви европски стандарди сакаме да постигнеме, на кој начин и со која методологија.

Двата столба се спомнуваат дека се независноста и ефикасноста и нивната материјализација се остварува преку поделбата на законодавна, извршна и судска власт. Меѓутоа, тоа го знаеме сите и нема подетална елаборација на тоа. Едноставно секоја реформа и секоја измена на Уставот претставува еден долгорочен процес, а од демократичноста на тој процес и транспарентноста зависи и квалитетот на решенијата. Ние тука носиме закони, а овде се работи и за уставни измени кои што се уште посензибилни, затоа што конституцијата на една држава претставува стожерот на правниот систем на таа држава.

Оттука сметам дека оваа информација и целокупниот тој процес прво е задоцнета, нејзе и беше местото тогаш кога ги правевме уставните измени во член 17 за легализирање на следењето на комуницирањето помеѓу граѓаните, т.е. прислушкувањето и тогаш беше место кога пред да се отвори политички процес би рекол на еден политизиран Републички судски совет да се размислува согласно препораките на Советот на

Европа за ваква иницијатива, навистина демократска иницијатива каде што ќе се тргнеше на некој начин политиката од судството.

Токму затоа сметам дека оваа иницијатива треба многу да се надградува, да се отвори кон сите чинители на македонското општество, не само институциите како што се Парламентот, Владата и би рекол експертските тимови, туку учество и на граѓаните на Република Македонија во сите видови на нивно организирање.

Во таа насока сметам дека целта која што тука треба да биде дефинирана како водечка и носечка треба да биде изразена преку симулација на овие уставни измени кон што ќе не донесат како модел во сите фази на организација, во фаза на функција и во фаза на контролни механизми кои што ќе го контролираат овој процес.

Дали е успешен или не, на крајот, затоа што овие уставни измени треба да донесат подобрување на судската функција во целина и сите овие постапни би рекол етапи, треба да бидат добро елаборирани како еден симулиран модел.

На кој начин ќе се изведе целокупната оваа иницијатива до изгласување во Парламентот на Република Македонија, подоцнежни законски проекти кои одредби во кои закони во Република Македонија, на кој начин ќе функционираат судовите подобро и на крајот кои се контролните механизми на општеството да го контролира правосудниот систем во државата.

Во однос на образложението би сакал да истакнам во точка два навистина треба многу да се размисли за квалификуваното мнозинство дали треба да остане 2/3 при донесувањето на овој закон и воопшто законите за органите за државната управа, или пак да се замени со просто мнозинство. Сметам дека заменета со просто мнозинство има повеќе политички карактер, а не демократски карактер и не овозможува воведување на вистинска независност на правосудниот систем во Република Македонија. И, оттука сметам дека по ова прашање треба многу да се дебатира особено со компаративни примери од други држави и со присуство на експерти од државната заедница.

Во делот на точката 3 околу мандатот на извршувањето на судиите исто така многу е нејасно што се сака да се постигне, каков е тој пробен мандат, како тоа функционира во други држави, како тоа ќе функционира во Република Македонија пак симулација на модел и на крајот да се каже на кој начин судиите ќе бидат разрешувани, таксативно набројување, модели во други држави, како кај нас функционира тоа, негативни примери, позитивни примери и од тоа да црпиме искуство како навистина оваа точка во делот на измените во реформите на судството да биде навистина една демократска промена која што ќе донесе ефикасност во судсвото.

И на крајот моите забелешки се однесуваат во точка пет и точка шест кои што се однесуваат на составот и положбата на сегашниот Републички судски совет а иден државен судски совет или врховен совет на правдата и надлежностите на тој државен судски совет или врховен совет на правдата.

Многу е нејасно кој ќе ги предлага судиите во државниот судски совет, дали тие ќе бидат предлагани по регионален принцип, пример има 600 судии, дали ќе бидат по регионален принцип 60 судии ќе предлагаат еден судија, тоа ќе бидат на пример 10 судии, пет ќе предлага Парламентот, три од опозиција, два од позиција, два ќе предлага претседателот и ќе брои 17 членови, го спомнувам како еден модел, барем и тоа не е елаборирано како мисли Владата во тој дел да го разреши проблемот.

Оваа иницијатива мора да биде подложна на наше понатамошно размислување и ние да придонесеме како претставници на граѓаните тука во македонскиот Парламент како тоа да биде подобро спроведено. И во делот на она што претставува кои ќе бидат останатите членови кои што не се од редот на судиите, на каков начин ќе се врши тој избор.

И со сите овие дилеми кои што ги изнесов тука, за кои што нашата пратеничка група има единствен став упатуваат на тоа дека процесот треба да се отвори до изгласувањето во македонскиот Парламент, дека треба да биде транспарентен, затоа што во основа до независно судство се доаѓа со една демократска процедура, транспарентен процес и елиминирање на политиката.

Нашата пратеничка група од пет независни пратеника ја поддржува оваа иницијатива, но само во прва фаза со укажување на нејзините многубројни недоследности и би рекол многу скудна, куса, би рекол и затворена информација која што ништо во овој момент не укажува. Ние едноставно ја поддржуваме иницијативата како наш прилог кон чекорењето до Европската унија, како пратеничка група во делот на она што значи подобро функционирање на македонското независно и ефикасно судство.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, вие сте на ред за дискусија.

Ја молам министерката за правда да влезе во салата.

Потоа нека се подготви за дискусија пратеникот Цветанка Иванова.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Се надевам дека министерката за правда во текот на мојата дискусија ќе биде присутна во салата. Нека не ја понесува тоа што точката за интерпелација ја ставивме како точка 40 од дневниот ред, тоа не значи ништо освен дека само ја одложивме дискусијата.

Денес, почитувани колеги, можеби после долго очекување, после толку години, конечно, имаме

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, кој што предлог доаѓа од Владата и каде што се најавува измена во уставните одредби, кои уставни одредби се однесуваат најмногу во делот на третата или судската власт. Тука на почеток мора да се констатира дека овој предлог за измена на Уставот, иако ние во овие неколку години на самостојност на Република Македонија, од денот откако го донесовме Уставот до сето она што значеше менување на Уставот со уставни амандмани, во неколку наврати овој Устав го менувавме. Еднаш го менувавме кога за тоа не притисна Република Грција заради причини само нејзе познати, мораше да го смениме знамето, мораше да смениме одредби во Уставот со кои ќе гарантираме дека нема да имаме претензии кон ниедна соседна држава, потоа ни дојдоа многу познатите амандмани, кои дојдоа во 2001 година така бурно како последица на онаа криза која се случуваше во Република Македонија и повторно по налог на некакво посредништво или можеби присуство на меѓународната заедница пристапивме уште еднаш кон измена на Уставот со уставните амандмани, на сите вас добро познати, во делот на повеќе права на заедниците. Потоа ни дојде Уставен амандман или измена на Уставот каде што требаше да го легализираме прислушкувањето и тоа го напраивме. Еве конечно денес имаме четврто менување на Уставот со уставни амандмани во делот на судската власт. Како што ни тргнало, веројатно, ќе имаме толку амандмани за да мора да пристапиме конечно и кон некоја можеби нова верзија на Уставот.

Ако ги слушаме или читаме полемиките на разни експерти заговорници, од една страна на критичари кои го критикуваат Уставот, амандманите во него и од друга страна оние кои што го бранат, ќе видиме дека има и такви кои заговараат пошироки реформи, има и такви кои наговестуваат дури дека треба да се излезе од уставните рамки, но нормално, има и такви кои ја бранат позицијата на овој Устав во неговите рамки, за кој сметаат дека треба така и да остане.

Ние како самостојна и независна Република Македонија, во моментот кога го изгласавме и донесовме Уставот бевме горди на тој Устав, бевме пофалени од меѓународната заедница, од експерти, па и од Бадинтер дека навистина донесовме еден Устав со кој како млада држава можеме да се гордееме, па од нашиот Устав треба да учат и многу други земји. Но се тече, се се менува, тоа е факт, времето на самостојност на Република Македонија особено во делот на судската власт  покажа и докажа дека во овој сегмент навистина има проблеми, докажани, потврдени со тоа што низа години наназад имаме такви проблеми кои можеме да ги сведеме во две главни категории. Првата би ја рекле неефикасно судство, а втората судство под дејство на политико влијание или далеку од она независно судство, што и според Уставот е прокламирано, но и во пракса за кое сите се залагаме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, само да ве информирам дека имате чест да ве слушаат студенти по Новинарство.

**Жарко Караџоски:** Благодарам, претседателе. Еве, ја користам приликата да ги поздравам.

Значи кажав за два сегменти, политичкото влијание и неефикасноста на судството, како еден од главните показатели поради кој треба да се пристапи кон реформирање на судската власт.

Морам да признам дека скоро сите политички партии, пратенички групи кои сме овде во Собранието, ако ги читате или ако воопшто ви се читаат партиските програми, затоа што буквално сите наликуваат една на друга и со право ќе се праша некој во што се разликуваме, значи сите политички партии застапени во Парламентот и надвор од него, сите од почеток до ден денес главно, кога стануваше збор што со судската власт, зборуваа дека треба да се направат реформи. И толку, не многу, неколку реченици дека треба реформи, но какви, остававме просторот и времето тоа да го кажат.

На почетокот морам да изнесам и некои пофални зборови до предлагачот, затоа што овој пат предлагачот ја користи онаа форма која со Уставот и деловникот е дадена, значи пристапуваме кон измена на Уставот во процедура каква што е и пропишана, за која сите пратеници се залагаме. Не ни се дава конкретен текст, ни се дава образложение во кое се навестува што размислува предлагачот, со отворање можности во рамките на дебатите кои ги имаме овде во Парламентот, но и надвор од Парламентот она што го направивме меѓу политичките партии, се со цел да дојдеме до едно подобро решение, за да излеземе од овде навистина со такви уставни амандмани од кои после ќе произлезат и конкретни законски решенија и за кои лично се надевам дека навистина ќе го избереме вистинскиот пат.

Претходно, пред да се пристапи кон ваква иницијатива, мислам дека на сите пратеници ни беше доставена - јас лично ја имам - и Стратегијата која Владата ја зацртала 2004 година, Стратегија во која се одредуваат правците на она што треба да се менува и реформира во судството и тоа е една комплексна материја, уставните амандмани се само еден дел од еден крупен проблем, а се друго што подразбира материјално право, процесни решенија и тн., беше и овие години во тек, нешто изменивме, кон нешто пристапивме, нешто допрва ќе менуваме, така што кога сето тоа заедно комплетно ќе го сублимираме ќе дојдеме до едно решение кое, откако ќе ги донесеме сите закони, можеме да кажеме дали е добро или лошо.

Но јас морам да бидам на некој начин и критичен. Сметам дека навистина е премногу 15 години декларативно сите да се залагаме за реформи во судската власт, а буквално да чекаме 15 години да ја направиме таа судска власт, онака како што во принцип треба да биде независна. 15 години сите ние политички претставници на разни

политички субјекти овде цело време зборуваме или се декларираме да имаме судска независна власт и кога треба, кога сме опозиција на некоја позиција треба да ја браниме, од друга страна кога сме опозиција ја напаѓаме и цело време се преплетуваме околу тој проблем дали ние навистина имаме независна судска власт или не. Нормално, ако ги прашате судиите или сите оние кои работат во таа фела ќе ви кажат дека судската власт е независна, дека никој не може да и се меша во работата и дека Уставот и ваков каков што е им го гарантира тоа право. Меѓутоа, почитувани колеги, праксата покажува нешто сосема друго. Ако сме искрени пред себе, ќе видиме дека е неспорно дека за независност на судската власт можеме да зборуваме само декларативно, но таа не постои.

Значи, првата причина поради која може да се каже дека независност не постои, а што практиката во вид на слабости ги покажа, е онаа за која можеме сите овде ако сме искрени да потврдиме и да кажеме, е политичкото влијание и притисоци кои во континуитет ги има судската власт сите овие години. И не случајно, почитувани колеги, ни се предлагаат уставните измени, значи да се даде уставна основа како првенствено би го елиминирале политичко-партиското влијание. Сега размислувањата се различни. Можеби кај првата причина, кога ќе погледнеме каде е присутно политичкото влијание и притисоци, на сите веднаш ни доаѓа на памет, значи прво што ни доаѓа на памет е начинот на избор и разрешување на судиите, а после оваа дебата почитувани колеги ќе имате прилика - тука е и претседателот на Републичкиот судски совет - да дискутирате, бидејќи доаѓаат точки во врска со избори и разрешување на судии, па ќе видите дали воопшто има или нема партиски притисоци, кога ќе ни се случат (не сум видовит, но претпоставувам) повторно гласања спротивно на оние предлози што ни ги доставува Републичкиот судски совет. И нормално, повторно ќе се повикаме на уставната положба, па ние пратениците сме самостојни. А што претставува Републичкиот судски совет? Значи првата точка, првиот проблем кај кој ќе асоцираме каде е политичкото влијание, веднаш на памет ни доаѓа изборот на судиите. Верувам дека ќе се согласат многумина со ова што го кажувам, а и самиот предлагач го прифаќа и затоа го предлага она што го предлага, за кое подоцна ќе кажам.

Следните слабости при самите измени на Уставот би биле: непочитувањето на критериумите при изготвувањето на предлозите за избор на судии. Тука имаме разни критериуми кои во основа не се почитуваат, а тоа го знаат и тие што се во Републичкиот судски совет. Кога велам критериуми, мислам на оние критериуми кои и во Правилникот за работа на Републичкиот судски совет и во Законот за судови и во самиот Устав постојат и кои треба да се почитуваат. Но на сите ни е познато како тоа го правиме, го користиме нашето партиско влијание, па сугерираме на претседателот на Републичкиот судски совет кого треба да стави во предлогот, кого не, нормално, во секој случај таа нема да ги прифати нашите сугестии ако се опозиција, ако сме позиција незнам. И сето тоа доаѓа, а можеби е тука проблемот затоа што уставната основа вели дека Републичкиот судски совет како надлежен орган кој што предлага именување на судии може односно мора да предложи само еден кандидат, односно онолку колку што се бара. Гледам дека во образложението на предлагачот тоа е дискутабилно, дали треба да се држиме до еден таков предлог воопшто, доколку постои, доколку го усвоиме оној пробен мандат, дали треба да се оди со повеќе предлози, па сета таа работа да му ја оставиме на тој иден орган кој што ќе носи некое ново име.

За третиот проблем, кој што мислам дека во праксата се покажа како слабост, веќе кажав, а тоа е неприфаќањето на предлозите на Републичкиот судски совет кои се доставуваат до нас од исклучиво политички интерес. Значи или едниот кандидат кој што го предлага Републичкиот судски совет е близок до ВМРО или е близок до СДСМ или обратно, до ДУИ или до ДПА и други и тогаш обично ги “боиме” кандидатите. Ако нам како мнозинство ни заличи бојата дека тој е пристапник на опозицијата, верувајте, без разлика што и да напише Републичкиот судски совет во делот на професионалната кариера и искуство, ние ќе ја најдеме мааната и ќе ја заобиколиме во дискусијата, но сигурно ќе гласаме контра заттоа што можеби некоја боја не ни се допаѓа и таа пракса не е од сега, туку сите овие години. Затоа со право имаме не само ние како пратеници туку и граѓаните на Република Македонија, уште во старт, при самиот избор на судиите, недоверба кон судиите. Значи ако сега е на власт СДСМ со својата коалиција, при изборот на некој судија веднаш граѓаните ќе го квалификуваат како близок до СДСМ или обратно. Точно заради тоа, една од тие слабости е можеби главен мотив, или не можеби туку сигурно, да дојдеме до неутрална позиција на оние кои ги именуваме или поставуваме за судии.

Потоа, морам да напоменам дека овие слабости кои ги искажувам - значи ова не е лично, иако јас го прифаќам како мое мислење, но овие слабости кои јас ги искажувам се дел од она што е констатирано кај Владата во делот на Стратегијата што ја имавме овде и затоа на министерката и се познати. Значи четврта слабост би била непостоење систем на селекција и тренинг на судиите пред тие да стапат да ја вршат функцијата и тоа навистина држи место. Делот на полагањето на правосуден испит, можеби и тој е навистина една од слабостите што во практиката покажа дека начинот на кој се полага правосудниот испит го надмина времето, го смени и треба да се бара ново решение во смисла на што поголема едукација на сите оние кои треба да почнат да работат во судската власт.

Ова е една низа слабости, а може да зборуваме уште за многу кои сите овие години ги

забележуваме. Сега интересна е позицијата на сите нас. Имено, цело време, независно дали сме во функција на власт или опозиција, ги знаеме овие слабости, сите ги предочуваме, сите ги кажуваме, но до ден денес никогаш не сме презеле активност, со некоја конкретна законска или уставна мерка да го спречиме или елиминираме тоа. Сега се поставува прашањето што и текна на оваа влада една година пред крајот на мандатот да започнува еден крупен чекор кој се вика реформи во судството, кој во секој случај ќе биде непопуларен затоа што секоја реформа е непопуларна, без разлика какви резултати во иднина ќе донесе. Значи многу дискутабилно, една година пред крајот на мандатот, за кој сум убеден дека тешко ќе добие уште по некоја година, да се пристапи кон една сериозна реформа, паралелно со сите оние реформи кои во меѓувреме се одвиваат и за кои овде не сакам да дискутирам. Сега некој ќе каже, или оваа Влада е премногу храбра, или пак нема што друго да работи освен да се занимава со реформи во судската власт, затоа што за другите сегменти очигледно не ја бива, или пак дошол некој па ни сугерирал дека треба еднаш да започнеме, ако сакаме да влеземе таму кај што се декларираме, ако сакаме прашалниците да не бидат прашалници туку и на нив да дојдат одговори, да пристапиме кон она што значи реформа на судската власт. И токму тука е главната причина, и во образложението на предлагачот јасно се чита дека заради таа европска конвенција, заради не знам кој друг момент, заради меѓународната заедница и одредени декларации, ние мораме да пристапиме кон ваквите измени. Но тие сме ги знаеле, тие документи постоеле и сме ги знаеле, но се уште не сме се зафаќале затоа што можеби на сите како политички фактори ни одговарала една ваква состојба. Не е лесно да се откажете од привилегии да ургирате и интервенирате таму каде што не ви е место и таквите привилегии обично никој не сака да ги губи.

Почитувани пратеници, јас ќе кажам дека оваа година, за среќа или за жал, тоа најдобро го знае оној што директно е вклучен во реформите, оваа година Република Македонија се најде под огромен притисок на меѓународната заедница да пристапиме кон овие реформи кои се наречени реформи во судската власт. Јас ќе ве потсетам како одеа. Прво почнаа индиректно, имавме разни извештаи на разни кризни групи кои ни кажуваа и индиректно не опоменуваа дека судството ни е корумпирано, дека судството е неефикасно и тн. Тој сигнал доаѓаше до нас, но ние не правевме понатаму ништо. Потоа ни доаѓаа прес конференции или директни претставници од меѓународната заедница кои во разговор со министерот, премиерот и др., укажуваа немојте да чекате инвестиции додека не го реформирате судството, затоа што со вакво неефикасно судство, со вакво корумпирано судство немојте да се надевате на инвестиции затоа што нема ненормален што ќе вложи пари, а да ги чека по некоја судска постапка која трае бесконечно со сите оние процедури кои кај нас се познат случај.

И трета работа која можеби најмногу влијаеше некој да се сети да пристапиме кон оваа реформа беше - да ве потсетам сите - едно време кога почна меѓународната заедница да ни прави црни листи не само на пратеници и непожелни личности политички, туку црни листи и на одредени судии. Тоа беше последниот сигнал да се замислиме, доколку не се зафатиме со сериозна реформа до каде ќе оди меѓународната заедница во смисла на овој проблем кој овде го имаме. Тоа е, почитувани колеги, констатација дека ние си ги знаеме проблемите, но не секогаш сме храбри да пристапиме кон нив. Инаку, да бидеме искрени, да сум сега јас во позиција на влада, сигурно една година пред истекот на мандатот не би се зафатил со вакви реформи, затоа што директно ризикувам утре да не добијам нов мандат.

Но некој вели народски дека “нож дошол до коска”, мора да се пристапи. Со оваа реформа на судството, почнуваме со измена на уставните амандмани, односно на Уставот, со донесување на уставни амандмани и таа тука нема да заврши. Јасно е дека ќе имаме измени во многу сегменти, во многу законски текстови, каде што докомплетирање на целата реформа, мора да се заврши преку законските одредби, односно измена на законите. Мора да се признае, мора да се каже дека тоа што е факт неможе да се крие, дека реформите на судската власт не опфаќаат само разрешување и бирање на судиите, или кадровските решенија, туку опфаќа тоа што значи материјални процеси и закони, со кои сме почитувана министерке веќе сме во фаза на приврвшување на тој дел, за кој што многу пати сум кажал дека ако оваа Влада прави реформа, тоа можеме да го видиме само во делот на ресорот правда. И тоа и пред вас и со вас, во тој дел имаме кривичен закон, кривична постапка и да не ги редам другите каде што на некој начин се гледа и се надѕира и каде носи правецот.

Сега конкретно за самата иницијатива.

Почитувани колеги, значи ние денеска се наоѓаме во една состојба да отвориме, односно да поразговараме отворено по однос на она што предлагачот го нуди. Да кажеме наше мислење, да кажеме дали прифаќаме од она што ни се нуди како решение, имаме ли наша визија, имаме ли подршка итн, и јас кога расправам, односно дискутирам за една ваква материја, сакам нормално да ги добијам сите податоци, не само од Владата, од сите компетентни луѓе кои што оваа област и оваа проблематика ја разбираат. До нас како пратеници беше доставена стратегијата од Владата, нормално, потоа ни се достави Предлогот за пристапување кон измена од предлагачот, односно Владата на Република Македонија и последните денови добивме и писмо или известување од претседателот на државата, со кои што и тој дава одредени сугестии по однос на она што се предлага.

Јас би сакал почитувани колеги да не зборувам за разните мислења на разни експерти, што имавме прилика да ги слушаме, да ги читаме во одредени средства за информирање и се на купче ако собереме, можеме да дојдеме до констатација дека навистина постојат разлики, постојат разни гледања за одредени проблеми и мислам дека тоа е добро да постојат разлики помеѓу институции во државата, како што е претседателот на државата, како што е Владата, како што е Парламентот, затоа што само така можеме да дојдеме до вистинските решенија. Нема да се занимавам , ниту ми е намера да правам дневна политика кој е во право во разните погледи, затоа што мислам дека секој еден кој што јавно ќе го изнесе мислењето, на некој начин си е во прав. Мислам дека кога ќе дојде текстот на амандманите, тогаш ќе ја имаме онаа дискусија и со повеќе, со разни погледи на одредена проблематика ќе дојдеме до вистинските решенија и до вистинските амандмани.

Сега би се задржал на она што ни се нуди.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски не мора да се врти тимот во левото ќоше колку време зборувате.

**Жарко Караџоски:** Значи би се задржал на она што се нуди како образложение, односно во кој се сегмент се предлага измена на уставните амандмани и ќе почнам со ред, онака како што предлагачот ни наговестил.

Значи првите измени кои што би оделе се во членот 13, ставот 1 од Уставот на Република Македонија во делот на лицето обвинето за казнено дело, се смета за невин, се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, презункцијата на невиност, или тоа кога зборуваме за единствената судска надлежност за казнивите дела. Во самото образложение констатацијата на предлагачот е дека вината за сторените кривични дела, значи како кривично, така и прекршок во оваа одредба на Уставот е во исклучива надлежност на судските органи. Сега тука се поставуваат прашањата или овој проблем, или ваквата одредба е во директна спротивност на она што значи ефикасно судство.

Со ваква одредба на Уставот и со она што според законот за судовите, кои ни се судовите, сега значи со тој закон немаме специјализирани судови, немаме какви што имавме порано стопански, прекршочни итн. Сега имаме единствени судови: основни, апелациони и врховни. Целата проблематика, особено во делот на прекршоците е префрлен во рамките на судската одлука. Тоа беше решение и кога се носеше Законот за судови во тој момент фалено решение како сите проблеми согласно оваа уставна одредба да се сконцентрираат во рамките на единствената судска власт, поајѓајќи од тоа дека судот треба да биде ефикасен, меѓутоа, праксата покажа нешто сосема спротивно, па покажа тоа судовите од икс причини, за кои што не би сакал да елаборирам, се претрупани од прекршочни дела, односно претставки и тоа, како што вели самиот предлагач, најмногу сообраќајни прекршоци, па царински, девизни, даночни и сл. кои што навистина толку се во голем обем што судовите само нив да ги работат, не можат да ги завршат а камо ли да се впуштат во работа на кривичните, граѓански и незнам кои други дела.

Сега со право се отвора проблемот како тоа да се надмине за да имаме ефикасно судство. Дали треба судската власт да ја ослободиме од ваквите дела, како што се прекршоците, и она се друго што значи, царински прекршоци, даночни и сл. и тоа да го дадеме на некој друг како што вели во Предлогот, државен орган кој тоа би го решавал. Значи тука е таа дилема. Според мое длабоко убедување сметам дека во овој дел навистина е потребно измена на Уставот во насока на тоа дека треба да се даде надлежност и на другите државни органи, но тоа ќе биде проблем повторно за дискусија и расправа, кога ќе дојдеме до конкретниот текст на амандманот, дали тоа" други државни органи" треба да бидат државни органи, дали тоа треба да бидат специјализирани судови, кои што ги имавме претходно, дали треба да бидат издвоени од другите судови, значи Судот за прекршоци, кој сам ќе се занимава исклучиво со таа работа и каков ќе биде тој статус на тој државен орган.

Во секој случај, позитивно е издвојувањето на овие дела да ги суди сосема некој друг орган, а судовите да ги ослободиме од она што значи претрупување, што знач!и незавршување на тие постапки. Значи тоа би било во делот на таа измена на амандманот.

Во рамките на членот 98, каде се зборува за потребното мнозинство за донесување на закони, веднаш на почетокот ќе кажам дека ние со ваквиот предлог, она што ни се нуди во образложението, значи кај уредувањето на тоа со какво мнозинство треба да се донесе законот за судовите, сега постоечкото решение е со 2/3 мнозинство. Ние како пратеничка група на ВМРО-Народна партија, стоиме на ставот дека таквата одредба треба да остане и не сме со намера да го подржиме предлогот кој го има Владата, тоа мнозинство да биде укинато, односно се премине во обично мнозинство во смисла, иако овде Владата дава некое образложение дека носењето, особено Законот за судовите и сите оние други системски закони кои што се носат со 2/3 мнозинство е проблем од тешкотијата на гласањето, долго трае процедурата за нивното носење. Јас морам да кажам дека тоа не е практика во ова Собрание. Се случува можрби поради недостаток на кворум, или тешко обезбедување на кворум да се изгласа еден таков системски закон, што никогаш не било пречка да се најде консензус на таков закон кој што се носи со 2/3 мнозинство да биде изгласан.

Еве денеска ќе имаме прилика, евентуално утре а можеби и другиден кога треба да гласаме во оваа иницијатива и одма после неа и законот за општа управна постапка за кој што е потребно 2/3 мнозинство. Зошто велам дека треба да остане

постоечкото решение. Не заради тоа што така мисли Бранко Црвенковски, значи најмалку заради тоа. Ние тоа претходно го кажавме а потоа можрби господинот претседател слушнал од нас. Значи не заради него, туку заради она што ние мислиме е потребно да остане, а тоа е ако еден системски закон, ако Законот за судови даде можност да се гласа со просто мнозинство, отвора една проблематика во која што како и да се менува и парламентарното мнозинство, поврзано со власта, така можеме стално да го менуваме и Законот за судови и постојано да одредуваме разни основи, разни услови и да имаме некакво влијание како некоја политичка структура што е на власт врз судовите. Особено за нас не е прифатливо да има било каква измена во делот на мнозинството за гласање, особено кај органите на државната управа и тука морам да признаам. Петседателе удрете малку на ѕвончето.Тука морам да признаам и морам да констатирам дека тука со претседателот на државата сме идентични во размислувањата дека измената на уставниот амандман во делот на органите на државната управа е апсолутно вон она што значи измена на судската власт и е апсолутно непотребно да се прави на овој начин како што Владата го предлага.

Одиме понатаму, значи како трета точка е мандатот и разрешување на судиите. За тоа нешто веќе зборував. Најголема полемика почитувани колеги во јавноста се отвори и со прави според мене е во тоа дали треба да се задржи начинот на кој и сега судиите го имаат и уживаат траен мандат. Значи, далиа треба да остане трајниот мандат или треба да се прави некој сосема друг начин за избор на судиите, во смисла на тоа дали мандатот треба да биде ограничен, дали треба да има пробен мандат или да остане трајниот мандат. Многу анализи, кој како гледа на нив, така може и да каже. Едни ќе кажат трајниот мандат е придобивка на Уставот на Република Македонија, придобивка која треба да ја штитиме и да ја чуваме, како што вели претседателот на државата. Владата ќе каже не е добро решение трајниот мандат, затоа што немаме инструменти на кои можеме да ги контролираме, односно да ја оценуваме стручноста во работата на судиите, давајќи им траен мандат и неможноста заради таквиот мандат да имаме прилив на нови кадри, кои можеби се многу постручни од оние што сега ја обавуваат таа работа. Решението кое ни го предлага предлагачот е пробен мандат, значи за почеток, а потоа трансформација на тој пробен мандат во траен мандат.

Сега тука се отвара прашањето, ако прифатиме да биде пробен мандат, или кажано изборно ограничено време. Се поставува прашањето кој треба да го даде тој пробен мандат. Затоа што ако, подоцна ќе видиме во тој текст, ако одиме во правец изборот на судиите да не го врши Собранието на Република Македонија , туку некој независен орган, кој што ќе носи можеби и недржавен орган за избор на судии, или незнам како, тука има повеќе предлози, тогаш се поставува логички прашањето кој би требало да го избира, поточно да им го дава пробниот мандат на судиите кои што треба да стапат на должност.

Сега тика навистина е дилемата, треба да се разговара, треба да се размисли и анализира. Според Владата на Република Македонија, читајќи го во стратегијата која е доставена, незнам дали и понатаму останува таквиот став на Владата, затоа што од 2004 година, до денеска е помината. Во стратегијата стои дека Владата е на позиција пробниот мандат да го дава Собранието на Република Македонија како претставнички дом. Колкав тој ќе биде не е дефинирано, тоа ќе се одлучи понатаму, а трајниот мандат го дава тој независен орган.

Ние како пратеничка група, тоа сум го кажал и на Комисијата сме да има пробен мандат, од оние причини кои што сега не би сакал да ги повторувам, а кои што се наведени во самото образложение и со мислење сме дека тој пробен мандат сепак треба да го дава Собранието на Република Македонија, за да не биде веднаш елиминиран од претставнички Дом на граѓаните, за да потоа тој мандат ќе се претвори во траен мандат, од оној независен орган.

На тој начин, се отвара простор и можност да се анализира работата на оние кои што ќе бидат избрани од Парламентот, да пристапат поодговорно кон работата, а верификацијата на нивните мандати го прави независен орган.

Јас и ние како пратеничка група сме со такво убедување. Нормално има простор за дискусии на таа тема и овдека сами можете да забележите, со размислувањето на претседателот на државата, значи не се согласуваме.

Интересна е размислата која ја имаме овде во образложението во делот на престанок на судската функција. Значи предлагачот тргнал од позиција дека во Уставот на Република Македонија се наброени голем дел на причини, поради кои што на еден судија може да му престане функцијата судија. И бидејќи тоа го оптоварува Уставот, или не дава можност за полесна односно полиберална примена, предлагачот предлага таквите основи за престанок на функцијата да бидат регулирани со закон.

Нашето становиште е дека ние неможеме да се согласиме со таква констатација, значи ние остануваме на тоа основите за престанок на работниот однос, значи функцијата судија да биде, главните основи да бидат регулирани во Уставот, а со тоа, нормално, да се даде можност со законска регулатива да се допрецизираат, одредат или дополнат итн, но во секој случај мора да имаме уставен основ за престанок на мандатот, затоа што ако дадеме можност со закон да го регулираме прашањето на основот поради кој некому треба да му престане функцијата, тогаш повторно се враќаме на онаа проблематика дека тој закон можеме да го менуваме со просто мнозинство, па повторно се враќаме на

политичкото влијание, која партија е на власт, да измислува или да додава некои основи, да разрешува судии и со тоа да врши партиско, односно политичко влијание.

Што се однесува до оние основи за кои што во самото образложение постои дека неколку се толку широко дадени, што не се прецизирани, треба да се превизираат, стоиме на тоа становиште, но сепак, да останат во рамките на уставните основи.

Кај четвртата точка, или причина или основ, поради кои треба да се додадат уставните амандмани, станува збор за имунитетот на носителите на судската функција и ова аналогно се наметнува. Значи прашањето се поставува логички, кој орган би бил тој кој треба да одлучува за имунитетот на судиите. Нормално дека ваквата одредба треба да биде врзана со истиот оној орган што ќе ги именува или разрешува судиите и нормално е да трпи, ако одиме во таа насока, прв пат и уставни измени и дел од Уставот кој што треба да се прецизира, кој е тој орган што треба да го дава или одзема имунитетот на судиите.

Петата точка исто така, е една доста дискутабилна точка, тоа е состав и положба на Републичкиот судски совет и тука имаме сега разни размислувања.

Првиот проблем за кој почитувани колеги мислам дека тука сите ќе се согласиме, тука е и предлагачот кој е идентичен со нас пратениците, и претседателот на државата кој вели и велиме сите заедно дека во тој орган кој што треба да ја обавува функцијата да се избираат и разрешуваат судии, како ќе се нарекува, јас несакам да претендирам, треба да имаат учество повеќе и самите судии. Ние сите знаеме, пратениците кои што имале можност да гласаат за измени на Законот за судовите, во делот каде што едно време немавме одредба и покрај истакнати правници во РСС, земаат учество и судиите, па ни беше укинато од страна на Уставниот суд, така да денеска како што е одредбата на Уставот, судиите, или истакнати судии, како сакате наречете ги, немаат можност да влезат во составот на РСС како судии, но можат како истакнати правници.

Сега повторно ќе отворам една голема лепеза на прашања, што се подразбира под тоа истакнат правник итн, и затоа мислам дека во делот во кој треба да се зборува во поглед на стручноста на тој тим кој што треба да биде, се отвара значи според нас, ние го подржуваме предлогот на иницијаторот во тој состав да имаат активно учество самите судии, затоа што најдобро си ја знаат сопствената проблематика. Значи овдека сме идентични сите заедно.

Колкав би бил составот на тој орган, кој ќе ги разрешува судиите, отворено прашање, предлагачот ни нуди некој бугарски систем каде во Бугарија постои таков орган со 25 члена. Веднаш на тоа ни се отвораат дилеми, навистина предлагачот отвора дилеми, дава позитивни, негативни страни, позитивните се добро е што се повеќе, има место за сите, и истакнати судии и истакнати правници, но негативно е тоа што е обемен, голем орган, прашање е дали ние како држава можеме толку да финансираме. Сега сме во состав од 7 члена.

Понатаму, се отвора прашањето кој ќе го бира тој независен орган значи Собранието на Република Македонија, еве да претпоставиме, колку Собранието ќе бира, дали Претседателот на државата ќе има право да предлага, како што сега стои 2 членови од РСС, а Собранието да ги бира или Претседателот на државата ќе има можност по автоматизам сам да делегира одреден број на членови за кои ќе се договориме.

Понатаму се отвора прашањето кој ќе претседава со таквиот орган, доколку е државен орган, во која рамка од Уставот ќе биде, поточно дали тој орган ќе биде во делот на судската власт кога зборуваме за судската власт како што е сега, или ќе биде издвоен како независен орган кој нема да спаѓа во рамките или во делот на Уставот каде се зборува за судската власт, кој ќе претседава со таквиот орган, дали Претседателот на државата за кој мислам дека се залага и желба му е, ако претседава Претседателот на државата какви импликации има врз уставната рамка, дали не е кршење на Уставната рамка и излегување од правата на држава која се декларира, според Уставот, како Парламентарна, да не одиме во некој правец на претседателска и тоа се прашања за кои треба да се размисли, сепак се тоа прашања кои, вака како што ни е укажано, треба со овие дискусии, дијалози, јавно мислење да дојдеме до она вистинското, а според мене, мислам дека и според министерот за правда, во нејзиното воведно излагање барем на Уставната комисија, заложба е и на предлагачот, а и наша да не излеземе од уставните рамки.

Да бидам подиректен ние како опозиција, како пратеничка група на ВМРО Народна партија не сме на становиште Претседателот на државата да земе поголеми ингеренции од оние што сега ги има судството, односно нема да поддржиме било каква одредба или најава во која претседателот на државата ќе треба да делегира директно или да претседава со таквиот орган.

Да бидеме јасни уште од сега не заради тоа што тоа е Бранко Црвенковски, туку заради тоа што сметаме дека со тоа се излегува од Уставната рамка.

По однос на надлежноста на РСС веќе кажав, сега остануваат уште неколку одредби односно точки кои се нудат како точки односно делови или правци во кои треба да го имаме судството, а тоа е делот на уставната положба на Јавното обвинителство, нормално јасно е дека треба да стои една ваква одредба односно едни вакви образложенија и размислувања во тој правец затоа што ако направиме неминовма промена во делот на изборот и разрешувањето на судиите, нормално дека таа процедура и таа постапка треба да ја следи и јавното обвинителство.

Значи, ако судиите ги бираме со пробен мандат, со траен мандат, со еден независен орган, тоа треба да го направиме и со Јавното обвинителство, за да не ни се случи она што сега ни се случува да бираме јавни обвинители исклучиво по волја и желба на владеачката структура, па потоа се чудиме зошто немаме постапки и зошто некој не покренува кривични пријави против некој министер, туку покренува против опозицијата.

Заради тоа нормално е, тоа е за нас прифатливо, треба и за Јавното обвинителство да постои независен орган кој ќе ги именува, нормално и разрешува.

За имунитетот останува исто.

Уставниот суд, точни се констатациите, таа проблематика односно постапката и процедурата за работа на Уставниот суд навистина до сега не е регулирана со закон, постои некој деловник и за тоа треба да се даде уставна основа да се направи една таква законска регулатива.

Последната точка - можни измени на други одредби во Уставот, тука е нејасно напишано, но јасно е дека предлагачот отвора простор за она што би произлегло од овие расправи, а кое не може да се смести по овие точки кои ги набројав, евентуално да се размисли.

Кога станува збор за реформи во судската власт, да се размисли за некои други одредби, тоа е добро, затоа што ако произлезе од самата расправа и некое размислување надвор од ова предвидено во конкретни точки да можеме да го сместиме во други измени.

Тука би сакал да напоменам дека ние би прифтиле таква категорија на други измени само доколку тие измени нема да отстапат од она што значи уставна рамка и само доколку тие измени одат во правец на она што значи реформа на судската власт.

Почитувани колеги, со ова на крајот сакам да кажам, тоа го кажавме и јавно, го кажавме на уставната комисија, пратеничката група на ВМРО Народна партија ќе ја поддржи оваа иницијатива со тоа што сакаме да имаме активно учество и во она што значи изготвување на амандманите, нормално нашите сугестии и мислења да бидат на некој начин разгледани и прифатени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Господо пратеници, да се договориме. Барем делумно да го испочитуваме договорот кој е направен помеѓу координаторите. Освен пратеничката група на СДСМ сите други го искажаа својот став. Затоа ќе дадам збор на госпоѓа Цветанка Иванова и го молам господинот Блаже Стојаноски да се одјави.

Ако некој го кажал својот став најмногу тоа е пратеничката група на ВМРО-Народна, а сега видовме пет пати господинот Караџоски рече дека пратеничката група на ВМРО Народна ќе го поддржи и разните аргументи што ги кажа дека е тоа ставот на ВМРО-Народна.

Јас ве молам, да завршиме, бидејќи е навистина битна иницијатива и нема потреба да се повторуваме.

(Реакција од страна на господинот Стојаноски. )

Ние имавме договор, јас почитувам дека тој договор еве да се изјасни ВМРО-Народна партија, но тројца зборувавте надвор од договорот, вкупно време 2,5 часа, јас незнам дали нешто ново ќе слушнеме. Станува збор за битна работа.Затоа би ве молел господине Стојаноски, да завршиме тука со ставот на СДСМ, да ја завршиме расправата и да пристапиме кон гласање.

Јас молам, јас не инсистирам.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Цветанка Иванова:** Ви **б**лагодарам господине претседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Особено е мое големо задоволство што ми припадна честа да го изразам ставот на пратеничката група на СДСМ и поддршката на пратеничката група на СДСМ што ќе ја даде на Предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија. Но, воедно исто така дозволете ми да изразам огромно задоволство, затоа што клучни политички субјекти во ова Собрание на Република Македонија имаат изградено заедички консензус околу ова многу важно прашање што уште еднаш покажува дека Република Македонија веќе гради една зрела демократија што исто така претставува една порака како до Меѓународната заедница така и до граѓаните на Република Македонија дека клучние политички субјекти во Република Македонија веќе покажуваат особена зрелост кон важни прашања кои се однесуваат на патот односно на стратегијата за развој и патот на Македонија кон евроинтеграциите и НАТО структурите.

Почитувани колеги, од сите п реетходни дискутанти кои во името на своите пратенички групи ги изразија ставовите околу Предлогот за пристапување кон измени на Уставот јасно е дефинирано изразено дека е неминовна потребата од пристапување кон уставни промени кои се однесуваат на судството во Република Македонија.

Овие промени не ги вршиме ниту под притисок ниту под наредба, туку заради потребите кои ги има Република Македонија заради ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија односно ситуацијата во која се наоѓа судството во Република Македонија и секако заради тоа што, ако сакаме да пристапиме во друштвото на народите на демократските народи во Европските интеградии, ние мора да вградиме и во овој дел стандарди кои се битни за оваа област.

За незазвисно судство почитувани колеги не само што е многу битен начинот на избор и разрешување на судиите, финансирањето на судиите исто така многу е битно да се определи надлежноста на судовите односно да се

растеретат судовите од одреден баласт на предмети кои придонесуваат за неажурно судство.

Во оваа насока Владата на Република Македонија преку Министерството за правда како предлагач на овие измени ги фокусира битните точки кои ја покажуваат ваквата независна слика на судството во Република Македонија и ги набележа тие точки во овој Предлог за пристапување кон Уставните измени кои пак треба да ги сватиме како иницијален акт по кој треба да се дебатира во претстојниот период и сето тоа во функција на поквалитетни решенија за измени во Уставот кои ќе придонесат за реформи во судството.

Јас нема да се задржам поконкретно по сите оние точки на кои ќе пристапиме кон измени на Уставот да ги елаборирам, меѓутоа, ќе ги наведам, тоа се единствена судска надлежност за казнените дела потребно мнозинство за донесување на закони, мандатот и разрешувањето, имунитетот, составот и положбата на РСС, надлежноста на Јавното обвинителство, имунитетот, Уставниот основ за уредување на начинот на работа на Уставниот суд и на крајот е отворено прашањето околу можни измени на Уставот кои се во прилог на подобрување односно на независноста и на ефикасноста на судството.

Би сакала од сите досегашни дискусии на дискутантите на оваа пленарна седница, како и од сите дискутанти во матичната и Законодавно-правната комисија би сакала да констатирам дека околу сите овие 10 наведени точки немаме некои поголеми спорни дилеми, со исклучок на втората точка, а тоа е потребното мнозинство за донесување на законите и мандатот на судиите.

Меѓутоа, почитувани колеги, затоа се пристапува кон измена на Уставот и оваа постапка оди во три фази.

Сега утврдуваме потреба од пристапување кон измени на Уставот, па потоа со Уставот се утврдува фаза Нацрт на амандмани и на крајот донесување на тие амандмани и прогласување.

Ова значи дека овој материјал Предлогот за пристапување кон измени на Уставот изработен од страна на Министерството за правда предложен од страна на Владата е направен врз основа на анализа на сите оние слаби точки, да ги наречам, кои придонесуваат за состојба во која денеска се наоѓа судството, а еве да речеме дека судството не ни е независно, дека судството ни е неажурно, неефикасно дури и корумпирано.

Овој материјал е работен транспарентно. Да почнам од почеток. Значи, Министерството за правда состави работна група во која учествуваа голем број на експерти, претставници на сите парламентарни политички партии и претставници од судството. Значи, овој материјал е правен врз основа на расправа и дебата на сите овие релевантни фактори, кои беа како членови на рботната гру па.

Меѓутоа, овој материјал е само почетен, иницијален акт. Овој материјал потребно е да отвори врати за една широка дебата околу начинот на конечното донесување на решенијата. Откако ќе ја донесеме одлуката за пристапување кон измени на Уставот одпочнува една широка дебата во која ќе учествуваат голем број на заинтересирани субјекти и сите мислења, сугестии и предлози кои ќе дојдат, потребно е да се сватат никако поинаку, туку во функција на изнаоѓање на поквалитетни решенија.

Мислам дека овој општ консензус кој денеска го имаме, ќе го задржиме до крајот на донесувањето на уставните амандмани затоа што сметам дека пред се и над се Република Македонија треба да донесе Уставни амандмани со кои ќе се создаде уставен основ за независно, за ажурно и за судство кое ќе биде ослободено од сите видови притисоци.

Почитувани колеги, прашањето е доста чувствително. Огромен е предизвикот, огромна е обврската, огромна е и одговорноста која лежи на нас како политички субјекти во Собранието, на нас тука како законодавна власт исто така и на извршната власт како предлагач затоа што на крајот на краиштата законодавната власт ја носи конечната одлука, меѓутоа, сметам дека имаме доволно политичко и демократско чувство дека во моментов работиме за уставни промени кои се однесуваат во делот на третата, но не помалку значајна власт, тоа е судската власт, треба во текот на расправата која ќе ни претстои по утврдувањето на Предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија, внимателно да ги следиме сите предлози, решенија и сугестии, да ги прифатиме, за да можеме на крајот да речеме дека во Република Македонија има уставен основ врз основа на кој ќе се г ради независно, самостојно и ослободено од сите политички притисоци, судство.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Господине Стојановски сеуште инсистирате да земете збор?

Видете да ви кажам една работа. Јас денешното непочитување на договорот ќе го сметам како исклучок, јас и понатаму ќе се договарам со пратеничките групи, а вие ако имате нешто ново да кажете од она што тројца ваши пратеници од по 40 минути кажаа, повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас не сакам да должам меѓутоа, во мое име не сакам некој друг да ги искажува ставовите. Сакам ставовите кои ги имам по ова прашање, имајќи ги во предвид активностите кои беа преземени во рамките на Министерството за правда со формирањето на Експертски тим заедно со претставници од Парламентот, од Републичкиот судски совет, од Јавното обвинителство, од Адвокатската комора на Република Македонија и од други институции кои што директно се насочени и заинтересирани за спроведување на успешни реформи во правосудствоо, а и во контекст со

дебатите кои што се отворија по однос на прашањето за реформите во правосудството односно во контекст на овие уставни измени навистина сметам дека е неопходно накратко да ги изнесам моите погледи во однос на овие прашања.

Значи првото и основно прашање е дали постои неопходност од измени на Уставот на Република Македонија за спроведување на овие реформи. Одговорот е да, таа неопходност постои, за тоа сме сите согласни и сметаме дека тоа претставува прв чекор кон остварување на барањата кои што оваа власт ги има пред се од САД, Европската унија и НАТО. Значи, повеќе сметам дека овие реформи кои што се започнуваат со иницирањето на овие уставни измени претставуваат резултат на влијанието од Меѓународната заедница врз властите во Република Македонија отколку избор на желба и политичка волја да се направат суштински реформи во правосудството.

Значи, ако беше тоа случај, ако оваа власт навистина сакаше да направи реформи во правосудството јас сметам дека не треба да чека уставни измени, не треба да чека промена на сите закони, туку требаше да си го направи тоа со еден чекор кој што беше многу логичен, а тоа беше да остави на Републичкиот судски совет сам да си ја работи својата работа, да не врши политички притисоци за именувањето на судии во овој Парламент, да ја оставеше ситуацијата онака како што беше утврдена со Уставот на Република Македонија во поглед на третирањето на членовите на Републичкиот судски совет како функционери, како избрани членови, а не како вработени во тој орган со законско дерогирање на уставните решенија и создавањето на услови, за пензионирање на членовите со 65 годишна возраст. Значи, ние зборуваме за реформи кои што треба да постигнат одредени цели, а не сваќаме дека и нашата секојдневна активност, нашето одлучување како Парламент, функционирањето на Републичкиот судски совет, функционирањето на Јавното обвинитеслтво и функционирањето и на извршната и на законодавната власт, фактички значи однос на постоење или непостоење на вистинска политичка волја за создавање или отстранување на политичкото влијание врз судовите и создавање на вистинска судска власт, нормално во рамките со стандардите што ги добивме со препораките од Советот на Европа.

Значи, лично сметам дека оваа власт немаполитичка волја за да направи вистински реформи во судството кои што ќе значат ослободување на судството од политичко влијание и дека ова што се прави во контекст на реформите во судството пред се е резултат на силните и остри барања од страна на Меѓународната заедница што поскоро да се извршат рефомри во судството и да се ослободи судството од политичко влијание. Сигурно дека на сите им е јасно тоа се условува со инвестициона активност, се условува со функционирање на економијата, се условува со бриближувањето на Република Македонија кон Европската унија и НАТО пактот, се условува со оценките кои што ги има, кои што се даваат за Република Македонија во рамките на оценките за нејзиниот степен на демократизација на внатрешните односи во државата.

Значи целта на овие реформи треба да биде создавање на независна трета власт, не независна и од законодавната и од извршната, туку независна власт која што ќе биде во релации и со законодавната и со извршната власт, меѓутоа релации кои што се однесвуаат на стручни прашања, релации кои се однесуваат на финансирање на третата власт на судовите, релации кои што се однесвуаат на утврдувањето на потребите за инвестиции во судството, за поврзувањето за инфорамтичката технологија која што треба да се обезбеди за судовите со цел да се зголеми ефикасноста на судовите.

Основната дилема која што навистина ја имаме сите, сигурно и јавноста, а пред се вработените во правосудството, во судовите, тоа е кој ќе биде крајниот резултат на оваа иницијатива. Јас не сакам да должам и да навлегувам во работите кои што ќе значат предмет на расправа во текот на утврдувањето на предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија , секако дека тие прашања ќе бидат отворени во периодот што следи и од страна на стручната јавност и од страна на претставниците на извршната власт, меѓутоа, пред се од страна на стручните лица кои што веќе работат, или долги години работат во правосудството во пракса, кои што директно ги чувствуваат проблемите на функционирањето на судството и директно ги чувствуваат последиците на притисоците и влијанијата кои што ги имаат по различни основи, пред се од политичките власти, а потоа од разни неформални групи на различни начини.

Затоа за да го поткрепам ова што го кажувам, го зборувам во однос на волјата која што ја има граѓанското мнозинство за вистинско реформирање на правосудниот систем во Република Македонија сакам да кажам дека тоа се потврди и со многу примери на случаи каде што директно се инсистираше на донесување на одредени пресуди во конкретен временски рок, со одредена политичка цел. Се инсистираше на поврзување на судски постапки без притоа да се води сметка за обезбедување на валидни, сигурни докази кои што ќе значат спроведување на постапка која што нема да биде на штета на обвинетиот и нема да биде заради нечии политички потреби, туку заради остварување на начелото за правичност кое што треба да биде основа на секоја судска постапка.

Подршката сигурно и од страна на медиумите, на “убрзувањето”, ако може така да се каже затоа што притисокот кој што се врши врз судовите се врши сигурно и од страна на медиумите, а тоа ќе биде едно од решенијата кои што треба да бидат предмет на овие рефомри односно како да се ослободат судовите и од притисокот кој што

можат да го вршат медиумите врз нив по различни основи и заради различни интереси. Односно да се обезбеди форма во која што судовите не ќе можат да комуницираат со јавноста, меѓутоа без тоа значи директно влијание врз одлуката која што треба да ја носи конкретниод судија. Ние имавме случај во овој контекст, се појавија во последните неколку денови и во контекс на изјави на Народниот правобранител на Република Македонија кој што беа третирани на овој или на оној начин како мешање во работата на судовите од една страна, од друга страна како повик за сменување на некои судии, од трета страна тоа се оцени како нормално функционирање и работење на Народниот правобранител согласно надлежностите кои што ги има, меѓутоа фактот што долгото траење на постапките се констатира сигурно не треба да се смета за мешање во правосудството, во работата на судиите, меѓутоа тоа не треба да значи повик за линч на некој судија кој што од различни причини морал да постапува подолг временски период. Значи, сето ова што го зборувам треба да биде регулирано со законите кои што следат, а кои што треба да бидат втемелени на уставните измени или амандмани кои треба да бидат донесени во наредниот период, а сето тоа треба да резултира пред се со зголемвуање на независноста на судовите, меѓутоа јас сметам дека иако Владата ги наведува двата столба-зголемвуањето на ефикасноста и зголемвуањето на независноста како два клучни столба на кои што се потпира и треба да се потпира оваа реформа на правосудството, сметам дека главниот акцент па и во медиумските настапи и темите кои што ќе бидат наведени да биде ефикасноста, а многу помалку ќе се зборува за независноста на судиите затоа што тоа ќе се сведе на начинот на избор, а не и на санкциите кои што треба понатаму да бидат утврдени во случај на реализација на вакви влијанија или на самоограничување од страна на власта за да се спречат сите оние механизми кои што значат некакви можности за политичко влијание врз одлучувањето во судовите.

Значи од сите овие анализи, имајќи предвид дека ќе имаме повторно можност да дискутираме за овие прашања сметам дека главната добивка за работењето на судовите после овие реформи ќе биде формирањето на ослободувањето од товарот на големиот број на предмети кои што ги имаат судиите со создавањето на посебни судови кои ќе се занимаваат со прекршоците, префрлањето на извршната постапка надвор од надлежноста на судовите, како и со тоа што судовите ќе можат да имаат шанса или ќе треба да им се овозможи да имаат шанса воедначено да одлучуваат на целата територија на Република Македонија, затоа што имаме случаи кога еден ист случај кој што се досудува во рамките на подрачјето на Апелациониот суд во Штип на пример, ист таков случај кој што се досудува во апелационото подрачје на Битолскот Апелационен суд имате сосема драстична спротивност пресуди затоа што нема воедначена пракса. Врховниот суд навистина треба да ја добие можноста да создава пракса која што ќе значи почитување на исти случаи и пресудување на исти случаи од страна на разни судови на ист начин. Се разбира критериумите се менуваат во смисла на пресудувањето, во смисла на ригорозноста на казнената политика, меѓутоа тоа е нешто сосема друго, јас сега зборувам за ситуации во кои што имаме граѓански спорови од областа на облигациите каде што навистина постои голема недоверба од страна на граѓаните во судовите заради различното пресудување. Тоа создава впечаток дека постои многу повисок степен на корупција, иако таа секако постои и дека судовите или судиите работат по нечиј дикатат или по некакви роднински врски или врз основа на непотистички врски, или незнам по кои други линии кои што директно влијаат врз квалитетот на донесената одлука и врз оценката за вкупното судство во Република Македонија.

Трајниот мандат треба да биде една од гаранциите за независноста на судиите. Прашањето на тоа дали тој траен мандат треба да претходи оценка на судиите или не треба да се разгледа и да се обмисли со тоа што имаме искуства и во Бугарија и во некои други земји каде што постои пробен мандат на судиите, јас не би нарекол пробен мандат, туку би нарекол оценка во одреден временски период и на стручноста и на ефикасноста во нивното работење. Дали тоа има позитивни или негативни импликации врз основа на тие согледувања и анализи да може да се оцени што е најцелисходно за создавање на посилни гаранции за судиите во смисла на нивната независност и во смисла на траењето на нивниот мандат.

Исто така сметам дека создавањето на школа која што ќе значи и усовршување на веќе избраните судии и како еден услов за станувањето на судија ќе може да биде еден силен филтер за намалување на политичкото влијание односно утврдувањето на предлози за судии не само заради тоа што се блиски до некој функционер од владеачките партииилиод владеачката партија, туку затоа што е навистина стручен, ги има сите оние дипломи кои што значат неопходност за законски услов за избор на судија, а истовремено преку школата ќе можат да се доусовршат оние лица што ќе бидат избрани за судии.

Сметам дека со утврдувањето и едногласноста од овој Парламент со тоа што и претставниците на позицијата признаваат дека состојбите во правосудството не чинат, дека треба да се реформира дека има политички влијанија дека има коруптивни активности дека има работи кои што навистина треба да се реформираат, а кои што значеа директно политичко влијание врз работењето на судовите фактички значи признание дека Република Македонија во целиот овој период station наназад сме немале независно судство, туку тоа многу повеќе претставувало продолжена рака на политиката отколку независно одлучување и носење на одлуки од страна на судиите без притоа да чувствуваат било

каков страв од одредени последици кои што им биле предизвикани од страна на оние кои што владеат во државата. Затоа сметам дека оваа иницијатива за уставни измени треба да биде подржана. Треба многу сериозно да се искористи овој период што следи во смисла на утврдување на предлог амандманите на Уставот на Република Македонија. Паралелно треба да се работи и на законите кои што треба да уследуваат после тоа, затоа што сметам дека реформтие треба да течат многу побрзо од оваа динамика со која што одеа досега и да обезбедиме на таков начин надминување на проблемите со кои што се соочуваат судовите во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Молам,дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

(Пратеникот Марјан Ѓорчев бара збор процедурално)

Повелете, процедурално имате збор господине Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе, сакам јавно да вложам протест против вашата непринципиелност и непочитување на Деловникот по една вака важна точка да ја исклучите од договарање Пратеничката група на независни пратеници, што само по себе укажува на вашиот пристап кон овој многу важен проблем за иницијативата за уставни измени.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев јас се извинувам длабоко, но мојата секретарка ги закажуваше средбите и ако она пропуштила јас се извинувам. Во иднина нема тоа да се случи.

Примите извинување од ова место.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, посебно тие кои по неколку пати кажаа дека ја поддржуваме иницијативата, да дојдат.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Значи, присутни се 87 пратеници.

Ве молам, да ги притиснете вашите копчиња, без разлика дали сте за или против, само притиснете ги.

Во согласност со член 131 став 1 од Уставот на Република Македонија, предлагам Собранието на Република Македонија да ја донесе следната **Одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.**

1. Се пристапува кон измена на Уставот на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на одлуката гласаа 89 пратеници, 89 пратеници гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е донесена.

Благодарам.

(Аплауз)

Кога ќе ги усвоиме амандманите, тогаш ќе ракоплескате.

Врз основа на член 202 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, по повод донесувањето на Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Подносителот на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија - Владата на Република Македонија, најдоцна во рок од 60 дена да подготви и на Собранието да му достави Текст на нацрт на амандмани на Уставот на Република Македонија.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 88 пратеници, 88 пратеници гласаа за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го усвои предложениот заклучок.

Почитувани пратеници,

Ве молам, исто така, е договорено на средбата и се надевам дека тоа ќе го реализираме да го извршиме и гласањето по Законот за општа управна постапка, бидејќи и тука ни треба 2/3 мнозинство, а таа седница ја прекинавме и да ја завршиме седницата.

Затоа, сега ја прекинувам сегашнава седница и продолжуваме со работа по 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

(По завршувањето на 92-та седница на Собранието на Република Македонија, продолжи 97-та седница на Собранието на Република Македонија).

**Минуваме на точка 2 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гевгелија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Томислам Симеоновски да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 69 пратеници гласале за, 6 воздржани, нема против.

Констатирам дека Томислам Симеоновски е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Гевгелија, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Костадин Бојаџиски да биде разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 73 пратеници гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Костадин Бојаџиски е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:**

**Минуваме на точка 4 - Предлози за избор на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Олга Ангелова да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот  Олга Ангелова да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници, од кои 70 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Олга Ангелова е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Мустафа Дардхишта да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мустафа Дардхишта да биде избран за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници, од кои 66 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Мустафа Дардхишта е избран за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Славица Попчевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Славица Попчевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник, 80 за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека Славица Попчевска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Мери Дика Георгиевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мери Дика Георгиевска да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници, 73 за, нема воздржани, нема протв.

Констатирам дека Мери Дика Георгиевска е избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Петре Србиновски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Петре Србиновски да биде избран за судија на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници, 74 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Петре Србиновски е избран за судија на Апелациониот суд во Битола.

**Минуваме на точка 5 - Предлози за избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево и Кочани.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Кристе Николовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Гостивар

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Кристе Николовски да биде избран за претседател на Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, од кои 57 за, нема воздржан, 12 против.

Констатирам дека Кристе Николовски е избран за претседател на Основниот суд во Гостивар.

Отворам претрес по предлогот Љупчо Стоименов да биде избран за претседател на Основниот суд во Делчево.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љупчо Стоименов да биде избран за претседател на Основниот суд во Делчево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, 52 за, 4 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Љупчо Стоименов е избран за претседател на Основниот суд во Делчево.

Отворам претрес по предлогот Зоран Трајанов да биде избран за претседател на Основниот суд во Кочани.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Трајанов да биде избран за претседател на Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници, 50 за, 2 воздржани и 4 против

Со оглед на тоа што се работи за избор на судии, молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Во моментот на гласањето присутни беа 81 пратеник.

Констатирам дека Зоран Трајанов е избран за претседател на Основниот суд во Кочани.

**Минуваме на точка 6 - Предлози за избор на судии на основните судови во Кичево, Куманово, Гостивар, Прилеп, Крива Паланка и Струга.**

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Флутурие Дервиши да биде избран за судија на Основниот суд во Кичево.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Флутурие Дервиши да биде избран за судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, од кои 59 за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Флутурие Дервиши е избран за судија на Основниот суд во Кичево.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по предлогот Анкица Аргировска да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот Анкица Аргировска да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 31 за, 1 воздржан 35 против.

Констатирам дека Анкица Аргировска не е избрана за судија на Основниот суд во Куманово.

Процедурално збор бара господинот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван потпретседателе,

Со оглед на тоа што резултатот од гласањето дозволува, според Деловникот да се побара поединечно гласање, барам да се гласа поединечно.

(Реакции со гласни довикувања во салата).

**Слободан Најдовски:** Ве молам, има кој за тоа да одлучува.

(Дофрлање од место)

Со оглед на тоа што имаше 31 пратеник за, треба да има плус или минус 5 за да помине прдлогот, не можеме да преминеме на поединечно гласање.

(Реакции од страна на пратениците од опозицијата)

Не можеме, 31 имавме за. За да помине предлогот потребни се 40 гласови, што значи...

(Реакции со гласно дофрлување од пратениците)

...што значи...

Момент само ве молам.

(Повторно дофрлање од место, а потпретседателот се консултира со генералниот секретар во врска со членот од Деловникот)

Согласно членот 94, немаме основ и потреба за поединечно гласање.

(Пратениците од ВМРО-Народна партија бурно реагираат, станати од место, со Деловникот во раце, бараат поединечно гласање)

Има овде кој да го толкува Деловникот.

Ги молам пратениците да си седнат на место. Ако добијат збор, ќе добијат.

Ве молам, седнете си на своите места и не коментирајте.

(Коментарите продолжуваат)

Ве молам, ве молам, заради јавноста, да не внесуваме забуна:

“Поименично изјаснување може да се изврши заради точно утврдување на резултатот од гласањето, по барање на претседателот на Собранието или на еден пратеник, чие барање го поддржуваат најмалку 10 пратеници, само ако предлогот за кој се гласа добил до 5 гласови повеќе или помалку од потребниот број на гласови за негово донесување”.

За да се изгласа одлуката за избор на судија е потребно 40 гласови. Овој избор имаше 31 глас.

Согласно член 94, нема поименично.

Продолжуваме со работа.

Процедурално збор бара господинот Краљевски.

Повелете.

(Продолжуваат коментарите од место) **Чедомир Краљевски:** Почитуван потпретседателе,

Со оглед на тоа што предлогот госпоѓата Анкица Аргирова да биде избрана за судија на Основниот суд во Куманово, пред ова Собрание се наоѓа по втор пат, се наоѓа по втор пат, очигледно дека постои во парламентарното мнозинство некаква непринципиелна коалиција што го враќа по втор пат...

**Слободан Најдовски:** Извинете господине Краљевски тоа не е процедурално.

Ќе ве молам, процедурално ако имате, повелете.

**Чедомир Краљевски:**... кое по втор пат го враќате предлогот на Републичкиот судски совет.

Пред малку, прва точка на дневен ред на денешнава седница ни беше промена на Уставот, пристапување кон промена на Уставот. Под каква промена на Уставот пристапуваме кога ние...

**Слободан Најдовски:** Се извинувам господине Краљевски немате процедурална забелешка.

**Чедомир Краљевски:** Барам пауза.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

**Чедомир Краљевски:** Барам пауза, господине потпретседателе од половина час.

**Слободан Најдовски:** Половина час пауза по барање на координаторот на ВМРО-Народна партија.

(На пауза пратениците заминаа во 16,48 часот)

(по паузата седницата продолжи во 17,15 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Господине Кралевски повелете, процедурално три минути, всушност да кажете зошто побаравте пауза.

**Чедомир Кралевски:**Благодарам претседателе, после оваа би рекол непријатна случка што се случи со неизгласувањето на соодветниот предлог за судија во Основниот суд во Куманово кој предлог доаѓа од единствената и надлежна по Уставот институција за такви предлози, а тоа е РСС, неможам а да прејќутам дека само пред еден час верував во искрените намери и на Владата и на парламентарното мнозинство и на опозицијата, дека сме надминале една фаза во нашиот демократски развој и дека сме пристапиле кон отстранување на сите негативности кои се пречка за доизградување на демократичноста и на демократијата во системите како што е судскиот систем. Меѓутоа, за жал само половина час по изгласувањето на пристапувањето кон уставните промени на површина се појави една невидена хипокризија од страна на дел од парламентарното мнозинство кога по вториот пат предложената госпоѓа Анкица Аргирова за судија во Основниот суд во Куманово беше одбиен предлогот на РСС и тоа одбиен без никакво образложение, без ниту еден збор, без ниту една реченица во прилог на гласањето против таа госпоѓа да биде избрана за судија во Основниот суд во Куманово. Од тие причини согледувајќи ја таа, би рекол хипокризија во делот, повторно ќе кажам се оградувам и се извинувам на оние што гласале за предлогот на РСС. Ние како опозиција, односно

ако парламентарна група на ВМРО-Народна партија ќе останеме и понатаму да присуствуваме на оваа седница. Ќе гласаме соодветно предлозите на Републичкиот судски совет, а онаму каде што мислиме да гласаме против предлогот, тоа ќе го образложиме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски едно прашање и еден коментар. Првото прашање, дали е прекршен Уставот и Законот со вакво гласање? Не.

Вториот коментар е, затоа и пристапуваме кон измените на Уставот во делот на судската власт, а ова гледајте го од посветлата страна, ова е еден допринос на општата расправа што ќе се поведе по уставните амандмани во врска со тоа.

Одиме на следната точка.

Отворам претрес по предлогот Елјеса Алији да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Молам, кој бара збор?

Има збор Ленче Софрониевска, претседател на Републичкиот судски совет.

**Ленче Софрониевска:** Со оглед на тоа што јавноста не е запознаена со предлозите на РСС, јас би сакала до крајот на оваа точка да ги прочитам биографиите на предложените кандидати од страна на РСС кое според Уставот влече оригинерна надлежност за предлагање на судии за прв пат и судии во повисоките судови.

Сега е на дневен ред предлагање на судија во Основниот суд Гостивар. РСС за судија во Основниот суд Гостивар го предлага господинот Алији Ахмет Елјеса кој е роден на 13 06.1962 година во село Долна Бањица-Гостивар. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје 1996 година. Веднаш по дипломирањето се вработил во Основниот суд Гостивар како судски толкувач по албански јазик, а по полагањето на правосудниот испит од 1998 година се стекнува со

звање стручен соработник во Основниот суд-Гостивар. Работел во сите оддели и покажал висок степен на совесност и ажурност. Во мислењето на стручниот колегиум во Основниот суд Гостивар и на стручниот колегиум на Апелациониот суд Скопје, како и во мислењето на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија тој е истакнат како кандидат на кој треба да му се даде предност при изборот на судија во овој суд со оглед на неговиот професионален ангажман, стручно и совесно извршување на работните обврски. Истовремено нагласуваме го владее англискиот јазик и сите компјутерски јазици. Има вкупен работен стаж од 7 години и 9 месеци. Со оглед на тоа што на денешната седница имаме по втор пат предложени кандидати кои што без образложение биле одбиени од страна на Собранието на една од поранешните седници, јас ќе ги замолам пратениците доколку сметаат дека некој кандидат не е подобен за судија да ни го дадат своето образложение за да можеме и ние како РСС доколку добиеме аргументи да го преиспитаме својот став.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Елјеса Алији да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 52 за, еден воздржан, тројца против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Елјеса Алији е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Отворам претрес по Предлогот Сашо Патоски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Кој бара збор?

**Ленче Софрониевска:** Должам едно образложение пред да ја прочитам биографијата на овој кандидат.

Кандидатот Сашо Патоски од Пролеп беше предложен од страна на претходниот состав на РСС и не беше изгласан. Потоа беше предложен од овој состав на РСС и не беше изгласан. Па беше предложен потоа друг кандидат, исто така од Прилеп предложен исто така од судовите и од страна на Собранието не беше изгласан. Со оглед на тоа што ние ги преиспитувавме сите работи околу работењето на овој кандидат, должна сум бидејќи по трет пат се предлага кандидатот пред Собранието, да ја прочитам неговата биографија.

Кандидатот Сашо Патоски е роден на 25.10.1965 година во Прилеп. Дипломирал на Правниот факутелт во Скопје во 1992 година. По дипломирањето се вработил во Општинскиот суд за прекршоци во Прилеп во својство на приправник, а по полагањето на правосудниот испит од 1994 година, до 1996 година работи како стручен соработник во овој Суд. Во Основниот суд Прилеп преземен е како стручен соработник во 1996 година со реорганизацијата на судството каде што работи и до денес. Во 1998 година се здобива со статус раководител на сектор, секретар на судот. Во текот на работата покажува особено високи резултати при остварувањето на работните обврски, работејќи во сите оддели во судот во својство на стручен соработник. Како резултат на неговото вонредно ангажирање се здобива со статус секретар на судот.Покрај обврските од таа статусна позиција работи во кривичниот и во граѓанскиот оддел на изготвување на одлуки, а воедно покажува и активност во насока на објавување на трудови во списанието “Правник”, од сите области на правото. Учествува на низа меѓународни семинари како резултат на што во 2001 година е избран за член на Македонската делегација на семинарот во Италија Болоња на тема: Модел на европски судија на кој активно учествува со низа написи. Јас би сакала да бидам слушана. Трет пат предлагаме ист кандидат. Во 2003 година лично е поканет од страна на Универзитетот во Болоња за учество на втората сесија на горе споменатиот семинар, а воедно е поканет и од страна на Центарот за конституционални студии и демократски развој на Европа при Универзитетот во Болоња како претставник на Република Македонија на Меѓународниот семинар во Србија и Црна Гора на тема: Европската унија и нејзината правна реформа. Поради квалитетот на неговите излагања и написи понудено му е да изработи и напис за книга од страна на Универзитетот во Болоња на тема :Независноста на судството, повеќе правда за секој. Во 2003 година учествува на Меѓународниот семинар Европски простор за правда на кој исто така активно учествува со сопствени написи. Во 2003 година активно учествува во проектот Модернизација на македонското судство. Во 2004 година на покана на ДПК Консалтинг за студиско патување во САД Калифорнија како единствен претставник од судовите на Република Македонија. Има уште за читање,јас уште ќе прочитам дека по враќањето од САД повторно добива покана од Болоња , а тоа е постојано учесник на меѓународни симпозиуми на тема: Независност и ефикасност на судството.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, можеби ќе се повторам малку со вас. Во член 68 од Уставот на Република Македонија една од функциите што ги врши Собранието е да врши избор на судии. РСС е инстанца која ги номинира. Но во овој момент Собранието е тоа што врши избор. Мислам треба да го почитуваме Уставот и ние го почитуваме Уставот и дозволено ни е да правиме избор.

Второ, СДСМ не ги менува своите ставови така лесно и остануваме на нашите предлози што сме ги имале и досега.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор?

**Ленче Софрониевска:** Никој не го спори правото на избор на Собранието. Јас уште еднаш сакам да ја нагласам оригинерната надлежност на РСС со аргументи, се разбира објективни да предлага кандидат на Собранието, меѓутоа интенцијата на тоа уставно решение е дека оди на потврда во Собранието. Да е слободен избор би имало повеќе кандидати. Од тие причини како РСС се залагаме, се надевам во функција на независноста на судството да се почитуваат мислењата на судовите.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе,

Предлагачот малку ми помогна. Ќе говорев за истото, за независност на судството ние добиваме од РСС само еден предлог. И ние треба да гласаме за, или против. Се случува многу пати предложените судии, или јавни обвинители, предлог од 140 луѓе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, ова е реплика, или е по предлогот.

**Спиро Мавровски:** Ова е по тоа што е предложено.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте за кандидатот. Ако реплицирате ќе вклучам три минути.

**Спиро Мавровски:** Процедурално за кандидатот.

**Љупчо Јордановски:** Ништо процедурално не е згрешено, ниту е надвор од процедурата. Ако реплицирате, три минути.

**Спиро Мавровски:** Реплика три минути.

Господине претседателе, на ваков начин со еден предлог за судија кој што не поминува без ниеден збор да се каже зошто не поминува, ние РСС го доведуваме во ситуација повеќе да не врши избор. Ние како Собрание апсолутно немаме право да бираме меѓу овие луѓе што се предложени за судии на основен суд. Тој е еден кој што ние не го избиравме. Јавни обвинители од 144, осум се одбиени без ниеден збор да се каже зошто се одбиени. Тука говориме за независно судство.

**Љупчо Јордановски:** Што има за јавниот обвинител овде.

**Спиро Мавровски:** Истата постапка е каде што не се кажува ниту еден збор за кандидатот, а од друга страна се гласа се против. Ние тука имаме кажано како опозиција за многу работи што ги направиле судиите, а тие се гласаат за. Сега незнам што понатаму. Ако фелата одбира, дајте да им дадеме право да си одбираат луѓето и да не се мешаме во работи што не ги познаваме. Тоа е предлогот и така мораме да функционираме.

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе ве држам за збор кога ќе дојдат уставните амандмани, да не ја развлечеме месец дена дискусијата.

Господине Блаже Стојановски, реплика, или имате збор за кандидатот.

**Блаже Стојановски:** Реплика.

Господине претседателе,

Јас сметам дека ова докажува дека реформите во судството се неопходни, ова докажува дека начинот на избор на судии се врши со силно политичко влијание и дополнителен доказ за тоа е и тоа што овој кандидат по трет пат се предлага од страна на РСС. Значи, трет пат се предлага пред Собранието од страна на орган кој што претходно собира мислења од основниот суд, матичниот основен суд, од Апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа судот за кој што се врши избор и на таков начин врз основа на критериуми кои што треба да бидат почитувани затоа што прв пат колку што имам сознанија РСС има воспоставени некои правила, односно критериуми за избор на судии интерно, затоа што тоа не е направено со закон. Значи, и по трет пат се покажува дека политичкото влијание останува главниот аргумент при изборот, или неизборот на одредени предлози кои што доаѓаат од страна на РСС. Затоа јас сметам дека ако ништо друго, тогаш треба на аргументите кои што произлегуваат од РСС да се спротивстават други аргументи кои што зборуваат во поглед на нестручноста, незадоволителната подготвеност на тој кандидат да биде, или на подобрата подготвеност на некој друг, евентуално ако тоа е некоја причина, или се работи за некакви рововски битки од незнам колку кандидати, како што беше случајот со изборот во Куманово од 19 кандидати и сите тие се надеваат доколку не се изврши изборот на оној што е предложен, дека некој од нив ќе биде предложен наредниот пат и така се во недоглед. Овде се врши битка кој ќе биде судија, а не кој ќе работи стручно согласно принципите на ефикасност во работата и во вршењето на судиската функција. Затоа сметам дека РСС треба и фактички го има направено она што можеше да го направи во овој случај и во сите други случаи наназад и со одбивањето фактички на предлозите кои што ги дава фактички, ако ништо друго се кочи работењето на судовите, затоа што кога зборуваме конкретно за судот во Прилеп повеќе од две, или три години ова судиско место останува упразнето. Јас сметам дека избор треба да се изврши.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, потсетете ме да ви ги дадам стенографските белешки од вашата дискусија кога госпоѓата Ленче Софрониевска ја биравме за претседател на РСС.

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас ќе бидам многу краток. Сега дали ќе биде реплика, или не, толкувајте го вие. Со оглед на тоа дека овде веќе се искажаа ставовите на пратеничките групи, јас само сакам да кажам дека и ВМРО-Народна партија, односно пратеничката група на ВМРО-Народна партија исто така лесно не ги менува ставовите и ние ќе бидеме доследни на оние принципи кои што претходно сме ги зацртале и во гласањето ќе останеме на истите ставови што ги имавме и претходно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, се надевам дека ќе знам дефитивно кој е координатор на ВМРО-Народна партија.

Кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Сашо Патоски да биде избран за судија на Основниот суд во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 12 за, тројца воздржани, 49 гласале против.

Констатирам дека Сашо Патоски не е избран за судија на Основниот суд во Прилеп.

Отворам претрес по Предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Кој бара збор?

**Ленче Софрониевска:** Млаѓан Митовски е предложен од страна на РСС за судија во Основниот суд Крива Паланка. Роден е во 1960 година во Крива Паланка. Дипломирал правен факултет во 1987 година во општинското правобранителство на самоуправувањето во Крива Паланка врабортен е во 1989 година каде што работи на правни работи од областа на трудовото право. По укинувањето на органот од 1990 година преземен е во Општинскиот суд Крива Паланка каде работи во својство на приправник. Правосудниот испит го положил во 1993 година со што се стекнал со звање стручен соработник во овој суд. Треба да се истакне за него дека во делот на сопственото стручно усовршување посветува големо внимание, посетува многу симпозиуми и семинари со активно учество и тоа во областа на граѓанското и кривичното право во земјата и во странство. Директно бил одговорен за развојот на информатичката технологија во судот која е многу успешно спроведена. Во мислењето на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија како и во мислењето на Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Крива Паланка истакнат е како кандидат на кој треба да му се даде апсолутна предност при изборот за судија во овој суд. Активно го владее англискиот и рускиот јазик. Тој има работен стаж од 14 години. Инаку предложен е од страна на РСС едногласно како и претходните кандидати.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Млаѓан Митовски да биде избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 14 за, тројца в оздржани, 38 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во времето на гласањето беа присутни 70 пратеника.

Констатирам дека Млаѓан Митовски не е избран за судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Отворам претрес по предлогот Ифет Бајрамовски да биде избран за судија на Основниот суд во Струга.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Софрониевска, имате збор.

**Ленче Софрониевска:** Бидејќи од претходните две точки гледам дека аргументите не важат денес во Собранието, само ќе нагласам дека кандидатот Ифет Бајрамовски е предложен од страна на РСС во иста процедура како и другите кандидати, со позитивни мислења на сите судови и предложен е едногласно да биде избран за судија во Основниот суд.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Софрониевска, ние сме прва независна власт, далил аргументите важат или не тоа сепак не е ваше прашање.

Ве молам, овде си има ред. Тоа е ваш коментар, можете да го кажете надвор некаде пред новинарите, сега морам да ги заштитам пратениците и мислам дека така е вред.

Дали некој ддруг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Ифет Бајрамовски да биде избран за судија на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 57 за, тројца воздржано, нема против.

Во салата се присутни 70 пратеници, а мислам дека три пратеника излегоа, што значи 67 пратеника.

Констатирам дека Ифет Бајрамовски е избран за судија на Основниот суд во Струга.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за избор на судии поротници на Апелациониот суд во Битола.**

Новиот предлог на претседателот на Апелациониот суд во Битола ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 50 за, 1 воздржано, 1 против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Господине Рафис Алити имате процедурално, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе.

Иако побарав збор на време, вие не ми дадовте право на збор, што мислам дека не е во ред од причина што имам забелешка на листата на поротници која е понудена, каде доколку е направена техничка грешка од страна на Апелациониот суд во Битола, да кажам доколку е направена техничка грешка не е во ред, доколку таа грешка се прави намерно сепак и тоа не е во ред. Се говори за графата каде што се определува државјанството на кандидатите за поротници или судии, каде што се вели за државјаните за машки род Македонец или за женски род Македонка. Мислам дека ова не е во ред. Доколку тоа се прави намерно, тогаш е игра која што се прави со Собранието или со пратениците од страна на Судот во Битола, меѓутоа, доколку се прави од незнаење сепак не е во ред, бидејќи тогаш е жалосно какви административци имаме во Судот во Битола.

Мојот предлог, доколку ми дадевте збор на време ќе беше овој предлог или оваа предлог листа да се повлече и да се исправи, а овие исправки или пропусти што се прават од страна на судовите во иднина да не се повторат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис јас се извинувам, но овде беше маската и тоа е грешка на техничка основа. Беше маската за гласање, а не беше маската за пријавени лица и јас се извинувам. Ако може и откако е изгласано тоа да се промени, нека се промени, јас немам ништо тука забелешки.

Констатирам дека за судии поротници во Апелациониот суд во Битола се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 8. - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 56 за, нема воздржан, нема против.

Сега после овие процедурални расправи го заборавив бројот.

Молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, за да биде се по закон и Деловник.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Дебар се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 9. - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Рамизи, имате збор.

**Недим Рамизи:** Благодарам, претседателе.

Многу кратко сакам да се произнесам по предлогот на претходната седница го имавме предлогот за избор на судии поротници во Струга, па беше повлечен, со претходни укажувања дека се работи прво за еден поднесен предлог кој беше поднесен од страна на Основниот суд во Струга, на нетранспаретнтен начин избрани лицата. Се работеше за голема бројка на лица кои се јавуваа во предлогот, веќе починати и пред предлог кој што ни најмалку не ја одразува реалната слика на составот на населението во Струга.

Сега имаме повторно нов предлог кој што ни најмалку не е изменет, или скоро е идентичен со претходниот, повлечени се само неколку имиња од тој предлог, а во списокот гледам дека повторно се јавуваат лица кои се починати.

Во однос на припадноста на етничките заедници, односно реалната слика која треба да се отслика во овој список за Струга, повторно не е водена никаква сметка, така што сакам да го искажам моето мислење дека сум против овој предлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господин Рафис Алити има претходно збор, а потоа господинот Макрадули.

Повелете господине Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам, претседателе. Тоа што го рече претходниот пратеник Недим Рамизи, го делам истото мислење дека ние сме побарале да се врати листата поради незастапеноста односно несоодветната застапеност на граѓаните од Струга и во овие листи исто така сме забележале имиња на луѓе кои не се меѓу живите, така што кога се предлагаат вакви листи па и за судии поротници, судовите треба да бидат повнимателни и да ја согледаат правичната и соодветна застапеност на граѓаните.

Затоа, барам да се врати оваа предложена листа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, бидејќи навистина верувам дека нашите колеги пратеници ја зборуваат вистината, и ние сме сега во една незавидна позиција, па апелилраме доколку е можно да се повлече предлогот и да се реши, за да не гласаме сега против. Или да се одложи за наредна седница, односно да најдеме некое решение. Се разбира, доколку предлагачот сака.

**Љупчо Јордановски:** Дали тука е присутен предлагачот? Дали планирате да ја повлечете, да ја одложите точката? Ако треба нов предлог, подобро да се повлече, ако се одложи останува предлогот. Повелете.

**Ади Усеини - Претставник на предлагачот:** Го повелекуваме предлогот.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот е повлечен, благодарам.

**Минуваме на точката 10. - Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола и Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одллуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 54 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Скопје 2 - Скопје и Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одллуката го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 54 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 12 - Предлози за разрешување и именување на членови на Комисијата за хартии од вредност.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Иван Штерјев да биде разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Иван Штерјев да биде разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 53 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Иван Штерјев е разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност по негово барање.

Отворам претрес по предлогот Сабаудин Шасивари, да биде разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Сабаудин Шасивари да биде разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 54 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Сабаудин Шасивари е разрешен од функцијата член на Комисијата за хартии од вредност поради избор на друга функциуја.

Отворам претрес по предлогот д-р Софија Тодорова да биде именувана за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот д-р Софија Тодорова да биде именувана за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 56 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека д-р Софија Тодорова е именувана за член на Комисијата за хартии од вредност.

Отворам претрес по предлогот Милиам Ајдини да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Милиам Ајдини да биде именуван за член на Комисијата за хартии од вредност го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 52 за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Милиам Ајдини е именуван за член на Комисијата за хартии од вредност.

**Минуваме на точката 13. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на**

**претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 14. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 15. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 16. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 57 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 17. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во парламентарната димензија на Централно европската иницијатива.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 57 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 18. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.** Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни се уште 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 19. - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронските комуникации.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 60 за, нема воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 20 - Предлог на одлука за разрешување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври”.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 59 гласале за, нема воздржан нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Часот е 18,00. Тука ја затворам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).